Коста Аџиевски
Даринка Петреска
Ванчо Ѓорѓиев
Виолета Ачкоска
Војислав Саракински

# ИСТОРИЈА

за VI одделение
од деветгодишното основно образование

*Министерство за образование и наука
на Република Македонија*

Скопје
2011

*Автори:* Коста Аџиевски
Даринка Петреска
Ванчо Ѓорѓиев
Виолета Ачкоска
Војислав Саракински

*Издавач:* Министерство за образование и наука
на Република Македонија
ул. Мито Хаџи Василев Јасмин, б.б.
Скопје,

*Рецензенти:* Маргарита Пешевска
Маргица Кузмановска
Душко Атанасовски

*Лектор:* Светлана Трајковска

*Компјутерска обработка:* Елизабета Анѓелова
Анита Милевска
Ирена Никоска-Ајаноска

*Печати:* Графички центар дооел, Скопје

*Тираж:* 15.500

Со одлука за одобрување на учебник по предметот Историја за 6-то одделение деветгодишно основно образование, бр: 22-1454/1 од 31.08.2011 донесена од Национална комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св.Климент Охридски" , Скопје
АВТОР : Коста Аџиевски, Даринка Петреска,Ванчо Ѓорѓиев, Виолета Ачкоска, Војислав Саракински- автор
НАСЛОВ : Историја за 6 одделение од деветгодишното
основно образование
ИМПРЕСУМ.: Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2011
ФИЗИЧКИ ОПИС : 102 стр. : илустр. ; 30 см
ISBN: 978-608-226-325-0
УДК : 373.3.016:94(075.2)=163.3
ВИД ГРАЃА : монографска публикација, текстуална граѓа, печатена
ИЗДАВАЊЕТО СЕ ПРЕДВИДУВА: 09.11.2011
COBISS.MK-ID: 89204746

*Драги ученици,*

*Добредојдовте во светот на древните цивилизации, во светот на нашите предци, на чии дела им се восхитуваат генерациите до денешни дни. Тоа е светот на првите ловци, земјоделци, занаетчии и трговци, но и светот на високите цивилизациски достигнувања на старите народи на Египет, Месопотамија, Кина, Индија, Хелада, античка Македонија и Рим.*

*Со учебникот што е пред вас, ќе ви помогнеме да се запознаете со достигањата на старите народи. Тие зачекорија во историјата со првото писмо и создадоа творби, кои до денес останаа во редот на врвните книжевни дела во светската литература.*

*Со своите ум и раце, тие изградија величествени градби, кои сведочат за високите умствени и градителски способности на старите Египјани, Хелени, Македонци, Римјани, Кинези, Индијци и други народи. Пирамидите во Египет и Кинескиот ѕид до денес останаа да нѐ потсетуваат на човековите дела, кои му пркосат на времето повеќе илјади години.*

*Нивните ум и фантазија создадоа претстави за бројни богови и божици.*

*Цртежите, мозаиците и вајарските дела не го оставаат рамнодушен денешниот човек.*

*Нивните пронајдоци во областа на науките се почеток на сето она што го создал човекот низ историјата.*

*Сознанијата за сите овие цивилизациски вредности ќе ве поттикнат да истражувате повеќе; да ги споредувате материјалните, културните и духовните вредности од тоа далечно минато со оние на нашето време, во кое луѓето на Земјата комуницираат преку Интернет, а вселенските бродови патуваат до далечни ѕвезди.*

*Се трудевме да го прикажеме минатото интересно и разбирливо, знаејќи дека сите вие немате еднаков интерес и желби за осознавање на минатото. Се надеваме дека она што го кажуваме во учебников нема да ви претставува тешкотија и нема да ве заморува, туку ќе ве поттикне и самите да истражувате и да дознаете повеќе за најстариот период од историјата на човештвото и од историјата на Македонија.*

*Ви посакуваме успешна работа.*

*Авторите.*

# ИСТОРИЈАТА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ



# ИСТОРИЈАТА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ

## Предмет и задача на историјата

Во секојдневниот живот многу често се среќаваме со зборот **историја**. Овој збор се употребува за сè она што се случило во минатото, за изминатите настани, појави и промени во животот и дејноста на луѓето.

Зборот „историја“ се употребува и за **науката** што го проучува минатото на човечкото општество, од настанокот на човекот до денес. Историската наука ги проучува и ги објаснува настаните и појавите во минатото; ги споредува, ги поврзува и така ги открива нивните меѓусебни врски. Историската наука уште се нарекува и **историографија**. Луѓето кои го проучуваат минатото се викаат **историчари**. Тие ги објавуваат своите истражувања и сознанија за минатото во разни книги, списанија, енциклопедии, атласи, преку научни и образовни емисии на радио и на телевизија, а ги соопштуваат и преку Интернет.

Историјата што го истражува и проучува минатото на народите се вика **општа историја**, а таа што го проучува минатото на само еден народ или на една држава се вика **национална историја**.

За да можеме да ја разбереме сегашноста и да си создадеме подобри услови за живеење, треба да го разбереме и да го познаваме минатото. Треба да се запознаеме со материјалното и духовното наследство што ни го оставиле луѓето од најстаро време до денес, за да можеме подобро да го цениме и да го зачуваме за генерациите што ќе дојдат по нас. Без историјата, не би знаеле кои се најдобрите дела на нашите предци, кои се хероите од нашето минато, што било најважното во нивниот живот. Без историјата, не би знаеле како се менувал и како може да се промени светот.

Токму затоа, историјата се изучува и како **предмет во училиштата** во сите земји. Во училиштата се изучуваат само поважните настани, појави и промени во минатото на човештвото, особено од минатото на сопствениот народ и сопствената земја.

## Историски извори

Предметите и пишаните сведоштва за животот и дејноста на луѓето во минатото се викаат **историски извори**. Изворите се делат на **материјални** и **пишани**. Исто така, се користат и **усните кажувања** за минатото.

**Материјалните извори** се разновидни. Во нив спаѓаат **стари орудија**, **оружје**, **облека**, **пари**, **накит**, **садови**, остатоци од **градби**, **споменици**, остатоци од **уметнички дела**, предмети од **покуќнина** и други. Материјалните остатоци се многу драгоцени. Затоа се чуваат во музеите, а некои, како остатоци од градбите, се наоѓаат на местото каде што се откриени.

Во **пишаните** историски извори спаѓаат **извештаи**, **патописи**, **писма**,

**записи**, **весници**, **книги**... Тие се чуваат на разни места: во библиотеки, музеи, архиви и на други места. Пишаните извори се многу сигурни и даваат значајни податоци за минатото.

Во **усните кажувања** спаѓаат разни кажувања за историски настани кои се пренесуваат усно од генерација на генерација. На пример, тука спаѓаат **легендите**, **митовите** и **песните**. Во нив има доста неточности, измислени настани и личности, па историчарите ги користат многу внимателно.





## Сметање на времето

Кога зборуваме за настаните што се случиле во минатото, треба да го знаеме **местото** и **времето** кога се случиле. Времето што изминало се смета со денови, месеци и години. Време од десет години се вика **десетлетие**, од сто години – **век**, а време од илјада години – **милениум**.

Во минатото, секој народ земал некој **значаен настан** од кога почнувал да ги брои годините. Евреите го сметале времето од создавањето на светот, Египјаните ги броеле годините според владеењето на фараоните, Хелените според олимписките игри, а Римјаните од основањето на градот Рим. Христијаните го сметаат времето од раѓањето на Исус Христос, а муслиманите – од преселбата на Мухамед од градот Мека во градот Медина.

Денес, најмногу земји во светот времето го сметаат **од раѓањето на Исус Христос**. За настаните што се случиле пред раѓањето на Исус Христос, велиме дека се случиле пред нашата ера, пред новата ера (**пред н.е.**) или во старата ера (**ст.е.**).

Годините пред н.е. се бројат наназад, од поголемите кон помалите, на пример: 120 год., 119 год., 118 год. пред н.е., и така натаму. Годините од нашата, или новата ера (**н.е.**) ги броиме нанапред, од помалите кон поголемите, на пример: 1996 год., 1997 год., 1998 год., и така натаму.







ДА ПОВТОРИМЕ...

- Што се подразбира под поимот **историја**?
- Што се **историски извори**?
- **Какви** можат да бидат историските извори?





Материјални извори











Пишани извори



**ДА РАЗМИСЛИМЕ...**

- Зошто најстарите материјални извори се наоѓаат **под земја**?
- Зошто се вели: „**Историјата е учителка на животот**“?

**ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...**

- Какви **остатоци од минатото** има во вашето **место на живеење**?
- Има ли некој **стар предмет** во твојот дом или во околината? Како **изгледа**? За што се **користел**?
- Дали твоите постари роднини (баба, дедо) знаат некое **усно кажување** за некој **настан или личност од минатото**?

**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...**

...изворите за најдалечното минато во најголем дел се наоѓаат под земја? Нив ги пронаоѓаат и ги проучуваат научниците кои се викаат **археолози**, а науката која се занимава со ископување и проучување на предметите на старите култури се вика **археологија**.

## Поделба на историјата

Минатото на човештвото го делиме на два големи периоди – **праисторија** и **историја**.

**Праисторијата** траела повеќе милиони години. Таа го опфаќа периодот од појавата на човекот до пронаоѓањето на писмото, а се нарекува и период на **првобитната заедница на човекот**. Праисторијата се дели на два периоди: **камено** и **метално време**.

**Историјата** го опфаќа периодот од пронаоѓањето на писмото до денес. Таа започнала пред околу 4000 години пред н.е. и сè уште трае.









Направи за мерење на времето

Историјата се дели на четири големи периоди: **стар век**, **среден век**, **нов век** и **најнов век** (**најново време**).

Во ова одделение ќе ја изучуваме првобитната заедница на човекот и историјата на човештвото во стариот век.

### ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Во кој **век** живееме денес?
- Колку вкупно години, до денес, трае периодот на **историјата**?







### ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

- **Патопис** е запис за настан или место, направен при некое патување.
- **Мит** е приказна во која се зборува за богови и за херои.
- **Легенда** е приказна за некои далечни случувања или личности, чие постоење не е докажано со сигурни историски извори.




Големите историски периоди

# ПРАИСТОРИЈА



# НАСТАНОКОТ НА ЧОВЕКОТ



## ПРАИСТОРИЈА

Праисторијата е најдолгиот период од историјата на човештвото. Таа траела повеќе од 2 милиони години. Во тој долг временски период се појавиле најстарите предци на денешните луѓе. Човекот од праисторијата бил собирач на храна и ловец. Потоа почнал да одгледува растенија и да припитомува животни. Научил да ги користи огнот, лакот, стрелата и разни орудија. Во најстариот период од праисторијата човекот употребувал камени орудија и оружја, а подоцна го открил металот.

Од тој долг период се зачувани малку остатоци, и тоа: камени орудија, оружје, делови од населби, гробови со коски, делови од садови и друго. За животот на човекот во праисторијата дознаваме само од материјалните извори.

## Настанок на човекот

Има две различни гледишта за настанокот на човекот. Првото гледиште е засновано врз религиозните учења и е различно во секоја религија. На пример, Сумерците верувале дека боговите ги создале првите луѓе од глина, според нивниот лик. Бабилонците верувале дека човекот бил создаден од глина и крв. Хелените, пак, мислеле дека првиот човек бил направен од земја, и дека една божица му дала животен здив. Според христијанските учења, човекот го создал **Господ Бог**. Христијанството учи дека Господ го создал светот за шест дена, а седмиот ден го определил за одмор. Господ заповедал човекот да биде господар на целата земја и на живиот свет. Според исламските учења, Алах го создал првиот човек од земја, а потоа му вдишал душа.

Второто гледиште го дава **науката**. Според научните истражувања, човекот се развил постепено, од еден вид **човеколик мајмун**. Најстариот предок на човекот го викаме **прачовек**. Тој најпрвин се појавил во Источна Африка. По својот изглед, многу се разликувал од денешните луѓе. Бил наведнат, обраснат со коса, а главата му била помала.

За да може да опстане во природата и да преживее, човекот морал да размислува, односно да го употреби својот разум. На тој начин човекот се одделил од животните.

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

... учењето дека човекот настанал по пат на **еволуција** прв го изнел англискиот научник **Чарлс Дарвин** (1809-1882)?



Развој на човекот по пат на еволуција

За да го дофати плодот од гранките, човекот се поткревал на прсти и го издолжувал телото. Така човекот се извишувал и растел. Првите луѓе не умееле да зборуваат и се разбирале меѓу себе со извици, со мимики и со други знаци.

## Начин на живеење

Во почетокот, првобитниот човек живеел во **пештери**. Тој се хранел со животните што ги ловел, како и со плодови и корења од растенијата што ги наоѓал во природата. Најважно орудие и оружје му бил каменот. Затоа овој период се вика **камено време**. Тоа се дели на **старо** и **младо камено време**.

Првобитниот човек почнал да работи со орудијата што ги правел сам од дрво, од камен и од коски. Така станал многу посилен. Помалку се плашел од дивите животни и полесно доаѓал до храна. Неговите орудија станувале сè поусовршени и поразновидни. Собирајќи плодови од дрвјата, започнал повеќе да се исправа и да се движи на задните нозе. Во исто време, започнал и да говори. **Говорот** станал многу значаен за разбирањето меѓу луѓето. Затоа имал голема улога во натамошниот развој на човекот. На тој начин човекот започнал сè повеќе да се разликува од животните. Тоа траело многу долго, стотици илјади години.

Првобитниот човек долго време се плашел од **огнот** што го среќавал во природата при удари на гром, и бегал од него. Со време сфатил дека огнот грее, свети и дека од него бегаат дивите животни. Затоа почнал да го чува и да го одржува. Подоцна научил сам да пали оган – со триење суви дрва или со искри од камен. Употребата на огнот во животот на човекот претставувала големо откритие. Огнот овозможил луѓето да преживуваат и на постудените места, да го печат месото и да ја варат растителната храна која станала повкусна и поразновидна. Подоцна, луѓето научиле на огнот да печат садови од глина, да топат руди и да леат метални орудија и оружје.

Пред околу милион години, првите луѓе започнале пешки да преминуваат од Африка во Азија и Европа. Така се ширеле луѓето по земјата. Поради тоа што живееле во различни климатски и географски услови, постепено се менувале и нивните физички одлики и изгледот: добивале темна или светла боја на кожата, темна или светла коса и слично.



Користење на огнот

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

• Зошто **говорот** бил една од **најзначајните придобивки** на прачовекот?

ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

• **Еволуција** е постепено и бавно менување на живите организми од генерација во генерација.

# ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ ВО КАМЕНО И МЕТАЛНО ВРЕМЕ



## КАМЕНО ВРЕМЕ

Каменот бил најважно орудие и оружје на првобитниот човек. Затоа најстариот период се вика **камено време**. Тоа се дели на **старо** и **младо камено време**.

Во **старото камено време,** човекот го употребувал каменот така како што го наоѓал во природата, или пак го дотерувал и грубо го обликувал со кршење.



Во **младото камено време, човекот** го обработувал каменот и му давал разни облици според своите потреби. Од каменот изработувал ножеви и секири. Ги користел и коските од животните, и од нив правел шила, игли и украси.

### Човекови заедници

Првите луѓе живееле и се движеле во групи, наречени **орди**. Така се чувствувале посигурни за опстанок и одбрана од нападите на животните и другите луѓе. Се смета дека првите заедници се состоеле од 15 до 20 луѓе. Нивен водач бил најсилниот маж во групата. Подоцна, кога го направил лакот и стрелата, човекот станал **ловец**. Во младото камено време луѓето почнале да се занимаваат со примитивно **земјоделство** и **сточарство**. Започнале да ги припитомуваат и да ги одгледуваат животните. Од нив добивале месо, млеко, кожа и волна. Така од ловци станале **сточари**. Луѓето од младото камено време знаеле да изработуваат садови од печена глина. Ваквите предмети се викаат **грнчарија** или **керамика**.

Првите земјоделци и сточари граделе **постојани живеалишта** на земја и на вода (**наколни живеалишта**). Во младото камено време граделе и примитивни **куќи** од гранки и кал.

Во младото камено време луѓето живееле во заедници, во кои биле крвно поврзани – биле **роднини**. Таквата заедница се вика **род**. Целиот род водел потекло од една заедничка **прамајка**. Неколку родови сочинувале **братство**, а неколку





Археолози реконструираат наколно живеалиште



Внатрешност од неолитска куќа

братства сочинувале **племе**. На чело на овие заедници стоеле **старешини**. Тоа уредување се вика **родовско уредување**. Сите членови на заедницата биле еднакви и сè што произведувале било заедничко.

**Жената** имала многу важна улога во родовската заедница. Таа се грижела за децата, за куќата, подготвувала храна, изработувала облека и друго. **Мажите** го одгледувале добитокот и оделе на лов. Ваквите човечки заедници, во кои жената имала водечка улога, се викаат **матријархат**.

## МЕТАЛНО ВРЕМЕ

Додека трагал по камен за обработка, човекот ги запознал **рудите** и научил од нив да добива **метали**. Така започнала епохата на **металното време**.

Најпрвин бил пронајден **бакарот.** Орудијата и оружјето почнале да се изработуваат од бакар. Но, тој бил многу мек, па орудијата изработени од него лесно се виткале. Кога го пронашол **калајот**, човекот почнал да го меша со бакар и добил нов метал – **бронза**. Орудието и оружјето од бронза биле поцврсти и потрајни. Потоа, човекот пронашол нов метал – **железото**, кое било поцврсто и од бронзата.



Топење руда и производство на метални орудија



### ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

... првото животно што го припитомил човекот – уште во старото камено време – било **кучето**? Ловците го користеле кучето за помош при ловот. Кучето е најстариот и најдобриот пријател на човекот.



### ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Каква била **улогата на металите** во животот на човекот во праисторијата? Зошто биле толку важни? Какви **промени** предизвикало нивното откривање?

## Земјоделство, занаетчиство и размена

Откако биле усовршени орудијата, а посебно **ралото** и **железниот плуг** што го влечеле животни, се орало подлабоко, а земјата давала повеќе жито и повеќе плодови. Така, **земјоделството** и **сточарството** станале главни занимања на луѓето. Животот на луѓето станал многу полесен и побезбеден.

Во исто време се развило и **занаетчиството**. Занаетчиите почнале да произведуваат разни алатки, како секири, мотики, копја и други потребни орудија. Своите производи започнале да ги разменуваат за земјоделски и сточарски производи, на пример: копје за жито, овца за жито и слично. **Размената** се вршела производ за производ.



Размена

## Појава на државата

Мошне рано, човекот почувствувал потреба да се **организира** и да го **уреди** своето живеење. Тој сфатил дека заедницата, ако е организирана, полесно може да преживее, да се бори против природните непогоди, да се одбрани од непријателите и да ја менува природата според своите потреби.

Со текот на времето, родовските заедници се распаднале на помали семејства, кои се обединувале во нови заедници – **општини**. Во нив луѓето биле соседи

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Како се појавило **земјоделството**?

ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

- Како се викаат човечките заедници во кои водечка улога имал **мажот**?
- Обидете се да работите **во парови**: едни нека размислуваат за должностите на жената, а други – за должностите на мажот во првобитната заедница. Потоа, обидете се да составите **табела**, во која на едната страна ќе ги напишете должностите на жената, а на другата – должностите на мажот.



Пресек на куќа

и не биле крвно поврзани. Најголеми заедници и понатаму останале **племињата**.

**Старешините на племињата** ја задржувале за себе најдобрата земја, а земале најмногу и од воениот плен. Тие им давале подобра земја и поголем плен на своите роднини и придружници. Тоа им овозможувало на старешините и на нивните придружници да имаат повеќе земја, добиток, орудија и оружје од другите членови на племето. Така настанала **поделба меѓу луѓето** на побогати и посиромашни.

Племенските водачи со своите дружини почнале да водат војни и да освојуваат нови територии. Така стекнувале богатства, но и заробеници, кои ги употребувале како **робови** за работа.

На освоените територии тие почнале да поставуваат управители, судии, свештеници и службеници. Така, постепено, на одредена територија била создадена уште поголема организирана заедница, наречена **држава**. На чело на државата стоел **владетел**.

Првите држави биле создадени во **четвртиот милениум пред н.е.**, во долините на големите реки во Египет, Месопотамија, Индија и Кина.



Реконструкција на праисториски човек



Организирана човечка заедница

# ВЕРУВАЊАТА НА ЧОВЕКОТ ВО НАЈСТАРИТЕ ЗАЕДНИЦИ





Добри и лоши духови

### ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Како настанале **верувањата** кај праисториските луѓе?
- Зошто луѓето во праисторијата верувале во **духови**?
- Колку биле значајни **сонцето, земјата и водата** за животот на луѓето?

## Верувања и толкувања на природните појави

Луѓето во праисторијата не можеле да си ги објаснат појавите во природата: громот, молњата, дождот, снегот, годишните времиња, болеста, денот и ноќта, сонцето и други. Тие се плашеле од овие појави и создале свои објаснувања за нив. Верувале дека природните појави ги предизвикуваат **натприродни** и **невидливи сили**. Тие невидливи сили ги замислувале како **духови**. Верувале дека има **добри** и **лоши духови**, дека добрите духови им помагаат на луѓето и ги штитат од лошите духови. За некои од нив изработувале статуи од глина.

Кога имал потреба, човекот им се обраќал на духовите и ги молел да исполнат некоја негова желба, на пример: да заврне дожд, да огрее сонце, да биде родна годината.

Луѓето во праисторијата, а и подоцна, најмногу ги обожавале **сонцето**, **земјата** и **водата**.

## Тотеми и многубоштво

Праисториските луѓе верувале дека водат потекло од некое животно, и дека нивниот живот и опстанок зависи од него. Таквото верување се нарекува **тотемизам**, според зборот **тотем**, кој значи предок-зачетник на родот или на племето.

Додека работеле на земјата, земјоделците сфатиле дека нејзината обработка и плодноста зависат од природните појави – особено од сонцето и дождот, кои најмногу придонесувале за добар род на посевите. Затоа на тие појави им придавале натприродни својства и почнале да ги сметаат за **божества**.

Нашите далечни предци најмногу ја почитувале **божицата-мајка**, која ја сметале за прародителка на живиот свет на земјата. Луѓето во праисторијата, а и подоцна, се плашеле од боговите, ги почитувале и им принесувале подароци за да им помагаат во неволја.



Цртежи во пештера

## Материјални остатоци

Праисториските луѓе создавале претстави за светот што ги опкружувал преку **цртежи**. Тие цртале на ѕидовите од пештерите во кои живееле. Оружјето и орудијата ги украсувале со цртежи. Ловците најчесто ги цртале дивите животни што ги ловеле, како бизони, мечки, мамути, коњи и елени. Такви цртежи се најдени во многу пештери во Европа.

Праисториските луѓе изработувале разни статуи на животни, богови и луѓе од глина и од коски.

### ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

- **Дух** е замислена, невидлива, натприродна сила.
- **Тотем** е предок, зачетник на родот или на племето.
- **Цивилизација** е развиена човечка заедница, со значителни достигања на полето на науката, културата и уметноста.
- **Локалитет** е место на кое се најдени материјални остатоци од минатото и на кое се вршат археолошки ископувања.

### ДА ПОВТОРИМЕ...

- Која наука се занимава со истражување на **материјалните остатоци**?
- Што претставува **тотемизмот**?
- Што, најчесто, **цртале** луѓето на ѕидовите од пештерите? **Зошто**?



Фигура на Венера

### ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

... низ цела Европа се пронајдени мали женски статуи, наречени **фигури на Венера**? Според научниците, овие фигури ја претставуваат божицата на плодноста и изобилството.







Цртежи во пештера

# БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО ПРАИСТОРИЈАТА







Наоди од Македонија

## Природни услови и најстари траги од животот

**Балканскиот Полуостров** има добра географска положба и поволна клима. Преку Јадранското и Егејското Море, тој е отворен кон Средоземното Море и тамошните земји. Тој претставува мост меѓу Европа и Азија. Балканскиот Полуостров има поволни природни услови за живот. На Балканот има рамнини, планини, реки, езера, сите со богат растителен и животински свет, кои овозможуваат опстанок на луѓето.

**Македонија** го зафаќа централниот дел на Балканскиот Полуостров. По долините на реките Вардар и Струма, таа е отворена кон Егејското Море. Преку Егејското Море, Македонија во Стариот Век била поврзана со цивилизациите од Средоземното Море и од Мала Азија.

Поради својата местоположба и поволните природни услови, територијата на Македонија и на Балканот **била населена уште во најстари времиња**. Првите траги од животот на луѓето на овие простори датираат од периодот на **старото камено време**. Тогаш луѓето се занимавале со примитивно земјоделство, сточарство, лов, риболов и грнчарство. Тие имале постојани живеалишта покрај реките, езерата, морето и во низините.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Зошто Македонија и Балканот биле населени **уште во најстаро време**?
- Кои се позначајните **наоѓалишта** од камено и метално време во **Македонија**?

## Материјални остатоци

За животот на луѓето во **Македонија** во праисторијата, дознаваме од материјалните остатоци пронајдени при раскопувањето на најстарите населби. Такви **населби** се откриени на повеќе места во Македонија. Остатоци од населби од **старо** и од **младо камено време** се откриени кај селото **Таринци** (штипско), кај селото **Породин** (битолско), кај селата **Говрлево** и **Зелениково** (скопско) и други. Таму се најдени глинени садови, орудија, оружје и друго.

Населби од **метално време** се откриени



Наколно живеалиште на Охридското Езеро

во повеќе места во **Пелагонија**, во **Требениште** (охридско), во **Бразда** (скопско), **Вардарски Рид** (гевгелиско) и други.

Во Македонија се откриени и **наколни живеалишта** (населби во вода) во **Охридското** и **Преспанското Езеро**. Луѓето ги граделе наколните живеалишта за да се заштитат од напади на дивите животни и од непријателите. Жителите од наколните живеалишта својата храна претежно ја обезбедувале од езерата, ловејќи риби и птици. Едно наколно живеалиште близу Пештани, на брегот на Охридското Езеро, денес е **обновено** и може да се посети.

Со помош на **подводната археологија**, на дното на Охридското Езеро се откриени траги од населби и остатоци од материјалната култура на нашите далечни предци.

На **Балканскиот Полуостров** има повеќе остатоци од животот на првобитните луѓе. Позначајни наоѓалишта од праисторијата на Балканот се **Лепенски Вир** на реката Дунав во Србија, **Крапина** во Хрватска. Такви наоѓалишта има и во другите балкански земји: Грција, Бугарија, Албанија, и Босна.

ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

• Ако летувате на брегот на Охридското Езеро, посетете го **обновеното наколно живеалиште**. Каква е внатрешноста на **куќите**? Што може да се види во **музејот**?

• Ако имате можност, посетете го најблискиот **археолошки музеј** или **археолошки локалитет** во вашата околина. Што може да се види таму? Од кога потекнуваат пронајдените предмети? Колку се зачувани?

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... во **Породин** во Пелагонија се најдени прекрасни остатоци од керамика? Тоа се керамички модели на **куќа**, над чиј оџак е поставен облик со човечки лик.

• ... во времето на матријархатот, и божествата биле претставувани во женски облик? Главното божество од тие времиња е познато како **Голема божица-мајка**. Во околината на Скопје се пронајдени мали фигури на **божицата-мајка**.





Лепенски Вир некогаш и сега



# РЕЧНИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК



# НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ



Бродови на Нил

Најстарите држави и првите цивилизации во светот биле создадени пред околу 6000 години покрај големите реки во Азија и североисточна Африка. Токму поради тоа, тие се познати и како **речни цивилизации** на Стариот Исток.

Со првите цивилизации покрај големите реки, како и со појавата на писмото околу 3200 години пред н.е. започнала **историјата на стариот век**, која ќе трае до пропаѓањето на римската држава во 476 година од н.е.

ДА ПОВТОРИМЕ...

• Зошто најстарите цивилизации се родиле токму **покрај големите реки**?

• Како настанале **првите држави**?

• Каква била улогата на **владетелот**?

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

• Погледнете ја картата на Стариот Исток. Дали народите на Стариот Исток имале **меѓусебни врски**? Дали **влијаеле** едни на други?

## Природни услови и население

Најпознатите **речни цивилизации** и први држави на Стариот Исток биле формирани во долините, покрај големите реки: **Тигар** и **Еуфрат** во Месопотамија, **Нил** во Египет, **Инд** во Индија, **Сината Река** (Јангце) и **Жолтата Река** (Хоанг Хо) во Кина.

**Водата од реките** била најважна, зашто ги обезбедувала сите потреби за живот на човекот на една територија. **Реките** обезбедувале вода за пиење и за хигиена, за наводнување на полињата и на градините. Во реките ловеле риба. По нив пловеле рибарски чунови, воени и трговски бродови.

Почвата околу реките најчесто била песоклива или мочурлива и неплодна. Луѓето пронашле начини за редовно **наводнување** на сувите и песокливи почви, но и за **одводнување** – повлекување на водата од мочурливите и поплавените површини. Тие правеле **брани**, **насипи**, **базени** и **канали** за да се заштитат од поплави и да ја задржат водата што се излевала од речните корита. Таа вода подоцна ја користеле за наводнување.



Асирски град на брегот на реката Тигар

Населението се занимавало




Месопотамија

најмногу со земјоделство, риболов, сточарство, занаетчиство и трговија. Еден дел од побогатите луѓе се занимавале и со пишување, музика, цртање, правење скулптури и други уметнички дела.

## Првите држави

Првите држави на Стариот Исток биле мали. Најчесто, тие ги опфаќале само градовите со нивната поширока околина, па затоа се нарекуваат и **градови-држави**. Такви градови-држави најпрво се појавиле во **Месопотамија**, покрај реките Тигар и Еуфрат.

Помалите држави се здружувале, или пак биле освојувани од други држави со војна, и на тој начин се создавале поголеми држави. Првата голема држава во

### ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ...најстари жители на Месопотамија биле **Сумерците**? Тие ги основале првите градови-држави. Сумерците први го пронашле писмото, грнчарското тркало и колата.
- ... во Месопотамија најмногу имало **урми**? Урмини палми растеле насекаде. Урмите служеле како храна, а од стеблото се правеле мебел, чунови и други производи. Плодот се јадел, или пак од него правеле мед и вино.
- ... богатите **Асирци,** за разлика од сиромашните, имале многу разновидна и изобилна храна? Тие јаделе легнати, на легла изработени од слонова коска или скапоцено дрво. Пред да почнат со јадењето, тие обилно се намирисувале. При свечените ручеци, мажите јаделе одделно од жените, но најчесто се собирале сите заедно околу трпезата. Сиромашните Асирци, пак, морале да се задоволат со малку леб, зеленчук и посолена риба, полеана со растително масло.



Сумерци орат земја



Асирски крилест бик



Саргон, кралот на Акад

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... има **повеќе начини** на кои се читаат имињата на луѓето и местата од историјата на стариот век? На пример, обично се вели Вавилон, Цезар, Херонеја. Но, научниците утврдиле како навистина се изговарале овие имиња, и тврдат дека е многу поправилно да се вели **Бабилон**, **Кајсар** и **Хајронеја**. Во овој учебник се користи научниот изговор на старите поими; се надеваме дека бргу ќе се навикнете на него.



Остатоци од градот Урук

Месопотамија ја создал **Саргон**, кралот на **Акад**, околу 2400 години пред н.е. Петстотини години подоцна била основана друга голема држава, со центар во градот **Бабилон**. Таа е позната како **Бабилонско Кралство**. Уште подоцна, Месопотамија ја освоиле воинствените **Асирци**, чија држава ја нарекуваме **Асирско Кралство**.

Околу 2300 години пред н.е. била основана најстарата држава во **Кина**. Двеста години подоцна, била основана и најстарата држава во **Индија**.

На чело на секоја од овие држави стоел **владетел**. Владетелот ја имал сета власт во државата. Бил врховен војсководец и судија, а бил почитуван како бог.

Владетелите и нивните семејства биле најбогати. Живееле во раскошни дворци, биле убаво облечени, носеле скапоцен накит од злато и други скапоцености.

**Богатиот слој** на населението го сочинувале роднините на владетелот, како и војсководците, службениците и свештениците што му давале поддршка на владетелот. Тие, исто така, живееле во убави дворци, а свештениците во храмови. Имале големи имоти, приредувале заеднички ручеци, оделе на лов и учествувале во свеченостите што ги организирал владетелот.

Во градовите живееле и **занаетчии** и **трговци**. Тие биле слободни луѓе, кои ѝ плаќале даноци на државата.

Во селата живееле слободни **селани**. Тие исто така ѝ плаќале даноци на државата. Селаните, занаетчиите и трговците биле најбројно население во државите на Стариот Исток.

Во државите на Стариот Исток имало и неслободни луѓе – **робови**. Тие биле сопственост на владетелот и на побогатите луѓе. Дел од робовите ги работеле најтешките физички работи, а еден дел работеле како прислужници во побогатите семејства. Робови станувале заробените непријатели, но и слободните луѓе кои не можеле да си ги платат долговите.

# СТАРАТА ЕГИПЕТСКА ДРЖАВА



## Природни услови и население

Во средниот и во долниот тек на **реката Нил** многу рано се појавиле првите заедници на луѓето. Областа околу реката Нил е пустинска, но долината на реката е многу плодна. Оваа река играла голема улога во животот на Египјаните. Поради тоа, луѓето ја сметале реката Нил за извор на животот во Египет и ја почитувале како божество.

Населението претежно се занимавало со земјоделство и сточарство, но биле развиени и други занимања.

## Системи за наводнување и одводнување

Жителите во долината на Нил најмногу ги користеле водите на реката за наводнување и за зголемување на плодноста на почвата. Кога водата од Нил надоаѓала и ги поплавувала полињата, требало да се собере и да се задржи, а потоа да се користи за наводнување.

Жителите на Египет биле вистински мајстори во градењето **насипи**, **брани**, **канали** и **базени**. Во нив се задржувала водата за да се искористи во времето на сушните периоди. Со канали ги сушеле и мочуриштата и ги претворале во обработлива земја.

Ваквите системи биле најпогодни за зголемување на плодните површини. На нив се одгледувале земјоделски производи, коишто биле неопходни за прехрана на населението.

На градењето на овие системи работеле селани, занаетчии и робови.





Системи за наводнување и одводнување



Египјани работат на поле

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Зошто Египјаните го сметале Нил за **божество**?
- Каков бил **системот за наводнување** во Египет? За што служел?
- Кои **занаети** биле развиени во Египет? Имало ли **трговија**?
- Зошто фараонот го крунисувале со **две круни**?



Градот Карнак

## Занаетчиство и трговија

Во Египет се развиле бројни **занаети**. Најважни биле градежништвото, грнчарството, бродоградбата, ткаењето платно, правењето музички инструменти, правењето папирус – материјал на кој пишувале, правењето накит и украсни предмети од злато, сребро и други метали.

Египјаните граделе величествени **гробници** за владетелите, наречени **пирамиди**. Со својата големина и изглед, пирамидите ги восхитувале луѓето во минатото, а ги восхитуваат и денес.

**Занаетчиските производи** ги користеле самите Египјани и ги разменувале меѓу себе. Но, еден дел од нив се разменувал за руда и за други производи со соседните и со подалечните народи. Така се развила **трговијата** со другите народи.

Египет бил голем производител на **жито**. Тој извезувал жито и го разменувал, најмногу за метали.

Реката Нил била пловна река и имала голема улога во трговијата на Египет.





Пирамидите некогаш и сега




Како се прави папирус

ОД ДЕЛАТА НА СТАРИТЕ ПИСАТЕЛИ...

„Зголеми го двапати лебот што и го носиш на твојата мајка; однеси го на мајка ти како што таа ти го носела тебе. Додека те носела во себе, си бил товар; кога си се родил, се мачела и понатаму. Те доела, не се гадела кога те преповивала, те водела на училиште кога те учеле писмо и секој ден доаѓала од дома со леб и напивка. А кога ќе постанеш млад човек и ќе се ожениш, ќе создадеш семејство, сети се дека те родила твојата мајка и потоа те израснала. Немој да дозволиш да се пожали на тебе и да те проколне; немој никогаш да допре до Бога гласот на нејзината жалба.“ (Поука за односот и почитувањето на децата кон мајката)




Стариот Египет



## Основни карактеристики на општеството и на државата



Поделба на населението во Египет

На чело на египетската држава стоел **владетел** наречен **фараон**. Тој бил почитуван како бог, син на врховниот египетски бог **Амон Ра**. Фараонот бил сопственик на целата земја.

**Населението** на Египет се делело на повеќе **слоеви**. Најбогатиот слој на населението го сочинувале најблиските роднини и соработници на владетелот, **војсководците**, богатите **службеници** и **свештениците**. Тие живееле во убави и големи куќи – палати и дворци, а свештениците во храмови. Побогатите луѓе имале изобилство од храна, биле раскошно облечени, носеле убави и скапоцени накити.

Во градовите живееле и други слободни луѓе: **трговци** и **занаетчии**. **Селаните** биле најброен слој од населението во Египет. Тие работеле на своите имоти, но и на имотите на побогатите Египјани.



Крунисување на фараонот со две круни

Најтешка била положбата на **робовите**. Тие работеле во куќите на нивните господари, на градилиштата, во рудниците, како веслачи на бродовите и на други места.

Во Египет многу била почитувана **жената** – домаќинка во семејството. Египјаните себеси се именувале по мајката, а не по таткото. Жената во Египет можела да стане владетелка на државата.

**Египетската држава** била формирана околу 3200 години пред н.е. Тогаш две помали држави: **Долен** и **Горен Египет** се обединиле во една голема држава. **Круната** на фараонот била составена од два дела, во две бои: бела и црвена. Тоа го симболизирало обединувањето на двете држави во една. Според старите преданија, фараонот што го обединил Египет се викал **Менес**.

**Фараонот** имал најголема поддршка од свештениците и од војската. Се верувало дека фараонот, по неговата смрт, ќе продолжи да живее во задгробниот свет. Затоа во неговата гробница се ставале најразлични предмети, покуќнина и



Забава за побогатите Египјани

храна, а на внатрешните ѕидови се цртале слики на кои биле претставени сцени од животот на фараонот. Египјаните верувале дека сето тоа ќе му служи на владетелот во задгробниот живот. Многу често, на овие слики фараоните и нивните жени биле претставувани заедно со некој бог или божица.

Со извесни прекини, египетската држава опстојувала се до 31 година пред н.е., кога потпаднала под римска власт.



Египетски саркофаг




Обележја на фараонот

# КУЛТУРАТА И ВЕРУВАЊАТА НА НАРОДИТЕ НА СТАРИОТ ИСТОК

## Појава и развој на писмото

**Говорот** и **писмото** се најважни за меѓусебно разбирање на луѓето. Тие се основните карактеристики по кои човекот се разликува од другите живи суштества.

Писмото се појавило околу 3200 години пред н.е. во државите на Стариот Исток. Најпрвин се појавило **сликовното писмо** во Месопотамија и во Египет. Кај Кинезите, писмото се појавило околу 2000 години пред н.е.

**Сликовното писмо** се состоело од мали цртежи, кои се поврзувале во логичка целина за да изразат една мисла. Постепено, некои цртежи се заменувале само со еден знак, или се употребувале мешано цртежи и знаци. Такво било египетското **хиероглифско писмо**, што се сликало на камен или се пишувало на папирус.

Во Месопотамија се развило **клинестото писмо**. Таму се пишувало со остар предмет на глинени плочки. Сликовните знаци постепено добиле форма на клинови, по кои и писмото го добило своето име.

Најдоцна се појавило **гласовното писмо**, кое го измислиле Фојникијците. Тоа писмо било наједноставно, а послужило како основа за создавање на други писма (грчкото, латинското и кириличното). Се пишувало главно на глинени плочки, а подоцна и на папирус и пергамент.

## Книжевност

Со појавата на писмото започнале да се запишуваат и првите песни, митови и легенди. Така настанала **книжевноста** на народите од Стариот Исток.

Најстари досега зачувани дела од **египетската книжевност** се **текстовите од пирамидите** и неколку **поучни дела** на папирус. Тие потекнуваат од 2400 година пред н.е. За животот, обичаите и верувањата на луѓето во **Месопотамија** дознаваме од **легендите за сумерските херои**, како и од **Епот за Гилгамеш**, запишан околу 2200 г. пред н.е.

Во најстарата **индиска книжевност** се познати религиозните химни во чест на природните појави на небесните тела, како сонцето, месечината, огнот и други. Во четвртиот век пред н.е. биле запишани многу убави епови. Еден од нив е индискиот еп „**Рамајана**“.



Староисточни писма

## Градежништво

Народите од Стариот Исток направиле големи и убави градби, на кои им се восхитуваме и денес. Најпознати се: египетските **пирамиди** и **Сфингата**, **Бабилонската кула** на седум ката, **светилникот** во Александрија, **Кинескиот ѕид**, многу храмови посветени на боговите и други. Од нив до денес се зачувани некои пирамиди, кинескиот ѕид и остатоци од некои храмови.



Портата на божицата Иштар во градот Бабилон

## Уметност

Народите на Стариот Исток изработувале прекрасни уметнички дела. Ѕидовите на пирамидите и на храмовите биле украсувани со **цртежи**. На цртежите биле претставувани сцени од животот на владетелите и на другите луѓе во државата: свештеници, војници, занаетчии, свирачи на инструменти.



Мозаик од градот Ур

Старите народи изработувале и **статуи** на боговите, на животни (тотеми), **украсни предмети**, **накит** и друго.

## Почетоци на науките

Народите на Стариот Исток дале голем придонес во развојот на некои науки. Тие ги поставиле темелите на **математиката** (посебно на геометријата), **астрономијата**, **медицината**, **физиката** и други. Геометријата ја применувале во градежништвото, особено при градењето на пирамидите, а медицината за лекување на луѓето.

Народите на Месопотамија први ги востановиле знаците на зодијакот, годината со дванаесет месеци, неделата од седум дена и часот со шеесет минути. Индијците ги измислиле знаците за бројки, со кои се служиме и денес.



Техника на мерење и геометрија

## Верувања и религија

Потсети се на верувањата на луѓето во предисторијата – во каменото и во металното време.







Амон Ра, Шамаш и Ашур

Луѓето тогаш верувале во разни тотеми, животни и природни појави. И по основањето на првите држави, кај народите од Стариот Исток се задржале многу од поранешните верувања. На пример, во **Индија** свето животно и понатаму останала **кравата**, а во **Египет** и понатаму голема улога имале **тотемите**.

Народите од Стариот Исток биле **многубошци**, верувале во повеќе богови.

Тие ги замислувале боговите и божиците со **човечки лик**. Понекогаш, пак, боговите имале тело на човек, а глава на животно. Се верувало дека боговите имаат влијание не само во животот на луѓето, туку и по нивната смрт. Боговите биле претставувани во облека каква што ја носеле богатите луѓе.

Сите богови не биле почитувани еднакво. Најпочитуван бил **врховниот бог**. Во Египет врховен бил богот на Сонцето **Амон Ра**, во бабилонското кралство богот **Мардук**, кај Асирците богот **Ашур**, кај Кинезите **Гуан Ју**, а во Индија богот **Брама**. Други позначајни божества биле **Изида** и **Хорус** во Египет, **Иштар** и **Шамаш** во Бабилон, и многу други.

Боговите ги почитувале на тој начин што им граделе убави и големи **храмови** и им принесувале жртви. Во храмовите живееле и проповедале **свештеници**. Тие носеле посебна облека, различна од облеката на другите луѓе. Во храмовите имало големи статуи на богот на кој што му бил посветен храмот.

Речиси сите народи во минатото имале свои **легенди за создавањето на светот**, со кои се обидувале да го објаснат создавањето на светот и на Земјата.



Египетска фреска со религиозна содржина

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Кои **верувања од постаро време** се задржале кај народите од Стариот Исток? **Зошто**?
- Што претставувале **храмовите**? Што е слично, а што различно со религиозните градби во наше време?

## ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... хиероглифското писмо најпрвин имало околу 800 **знаци**, а подоцна дури 5000? Клинестото писмо, пак, се упростувало: најпрвин имало 1000 знаци, а на крајот само педесетина.

• ... народите на Стариот Исток пишувале **од горе надолу и од десно кон лево**? Денешниот начин на пишување, од лево кон десно, го вовеле **Хелените**.

• ... во Месопотамија имало училишта слични на денешните? При раскопувањето на најстариот сумерски град **Урук** во **Месопотамија** била откриена една училница со клупи направени од земјени тули. На клупите имало ученички таблици за пишување, направени од влажна глина. На нив била напишана една реченица од учителот, а учениците ја препишувале за вежбање.

• ... старите Кинези ја пронашле **свилената ткаенина**, а Индијците ја измислиле играта **шах**?

• ... во **Индија**, облеката на жените била направена од ткаенина во светли бои? Ја правеле од памук, ленено платно или од волна. Се закитувале со накит од злато, сребро или школки. Мажите носеле еден вид наметка, слична на римската, која се префрлала преку едното рамо, а се провлекувала под другото рамо.

• ... секој поголем град во Месопотамија имал своја **кула**, наречена зигурат? Сепак, ниту една од тие кули не можела да се спореди со кулата во градот Бабилон, висока 90 метри. За нејзината изградба биле употребени 85 милиони тули и таа доминирала над целата околина. Се состоела од седум катови кои нагоре се стеснувале, а на врвот имало храм што служел и за набљудување на ѕвездите.



Зигуратот во Ур

## ДА ПОВТОРИМЕ...

• Со какви **писма** пишувале народите на Стариот Исток?

• Каде најмногу се применувале знаењата од **геометријата**?

• Какви **градби** граделе староисточните народи? Кои се **најпознатите градби** зачувани до денес?

• Што цртале старите Египјани на **ѕидовите** на пирамидите?

• Кои биле **најпочитуваните божества** на Стариот Исток?

## ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

• **Химна** е песна придружена со инструменти, со која се славеле божествата и кралевите.

• **Еп** е долго дело во стихови, во кое се опеваат подвизите на некој бог или херој.

• **Зодијак** е група од дванаесет замислени знаци, составени од ѕвездите на небесниот свод.

• **Тотем** е животно, за кое се мислело дека е предок на родот или племето.

• **Хиероглифи** се знаци од најстарото египетско писмо, кои се врежувале на камен, се сликале на ѕидовите од храмовите или се пишувале на папирус.

• **Зигурат** се нарекува главната кула во градовите-држави во Месопотамија.



# БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК



# ХЕЛАДА



Планината Олимп

## Природни услови и население

Во античко време, **Хелада** го опфаќала крајниот јужниот дел на Балканскиот Полуостров. Во поширока смисла на зборот, поимот Хелада ги опфаќал и островите во Егејското и Јонското Море. Земјата била претежно планинска. Највисока била планината **Олимп**. Во Хелада немало големи реки со плодни долини, какви што имало во земјите на Стариот Исток. Од сите страни, освен од северната, била обиколена со море. Источното крајбрежје имало многу заливи погодни за пристаништа, многу полуострови и острови. Тоа овозможувало поволни услови за развој на **морепловството**.

Најстарата култура на почвата на Хелада ја нарекуваме **Критска култура**. Нејзин центар бил островот Крит, особено градот **Кносос**, каде е откриена голема и богато украсена **палата** со прекрасни **фрески**. За жал, не знаеме кои биле луѓето што ја создале оваа култура, ниту пак на кој јазик зборувале. За нив сведочат само материјалните остатоци.

Во почетокот на вториот милениум пред н.е., од север во Хелада започнале да се населуваат преселнички племиња. Не знаеме како се викале самите себеси, но поетот Хомер ги нарекува **Ахајци**. Врз основа на Критската, тие создале своја култура, наречена **Микенска култура** – по градот **Микена**, каде што се најдени првите материјални остатоци.





Градот Микена некогаш и сега

Околу 1200 години пред н.е., во Хелада навлегле нови племиња и се измешале со претходното население. Во делата на старите писатели, тие се нарекуваат **Дорци**, **Јонци** и **Ајолци**. Најпосле, жителите на југот на Балканскиот полуостров се нарекле **Хелени**, а нивната татковина го добила името **Хелада**. Хелените уништиле голем дел од Микенската култура, но прифатиле еден дел и го развиле уште повеќе.

## Хомерово време

За најраната историја на Хелада најмногу дознаваме од познатите епови „Илијада“ и „Одисеја“. Според преданието, тие му се припишуваат на поетот **Хомер**. Затоа, времето што е опишано во нив (XII-VIII век пред н.е.) се нарекува **Хомерово време**.

Во „**Илијада**“ се раскажува за **Тројанската војна**. Таа се водела меѓу Ахајците и Тројанците од градот **Троја** во Мала Азија. Ахајците десет години ја опсадувале Троја. Во борбите околу Троја се прославиле многу јунаци на двете страни. Кај Ахајците најпознат јунак бил **Ахилеј**, а кај Тројанците **Хектор**. Со помош на итрина, Ахајците најпосле ја освоиле и ја разурнале Троја.

Настаните во „**Одисеја**“ се случуваат по завршувањето на Тројанската војна. Во неа се раскажува за враќањето дома на ахајскиот јунак **Одисеј**, кралот на **Итака**. Тој десет години талкал по разни земји и мориња. Со својата итрина и храброст успеал да преживее многу опасности на патот и среќно да се врати дома, кај својата верна жена **Пенелопа**.

Еповите Илијада и Одисеја спаѓаат меѓу најславните дела на светската книжевност.

## Колонизација

Во Хелада имало малку плодна земја. Некои луѓе биле големи земјопоседници, но за многумина немало слободно парче земја. Поради тоа, Хелените се иселувале од земјата и основале нови населби, наречени **колонии**. Најмногу колонии биле основани на бреговите на Црното, Средоземното и Јадранското Море. Колониите најчесто ги основале посиромашните **селани**, кои во новите краеви барале плодна земја. Покрај селаните во колониите имало и **занаетчии** и **трговци**.






Сцени од Тројанската војна

ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

• Ако имате можност, прочитајте ја легендата за раѓањето на ахајскиот јунак Ахилеј. Чиј син бил тој? **Зошто бил ранлив само во петицата**?

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... на целото тело на јунакот Ахилеј, единствено ранливо место била **петицата**? Тој загинал погоден со стрела токму во петицата. И денес, за некоја човечка слаба точка се вели «**Ахилова петица**".

• ... Ахајците ја освоиле Троја со **итрина**? Преправајќи се дека се повлекуваат, Ахајците им оставиле на Тројанците голем **дрвен коњ** пред портите на градот. Во него биле скриени војници. Тројанците мислеле дека коњот бил подарок од боговите и го внеле во градот. Во текот на ноќта, војниците излегле од коњот и ги отвориле градските порти, за да влезат и другите Ахајци. Така Ахајците ја освоиле Троја.

ДА ПОВТОРИМЕ...

• Кои се двете **најстари култури** на територијата на Хелада?

• Зошто времето од XII до VIII век пред н.е. го нарекуваме «**Хомерово време**"?

• Зошто во колонизацијата најмногу учествувале **селаните**?

• Какви **држави** создале Хелените? Кој управувал со нив?





▲ Микенска погребна маска

◄ Критска фреска

Некои колонии станале важни земјоделски и трговско-занаетчиски центри, кои ги задржале врските со градовите од каде што се доселиле. Често се случувало колониите да станат поголеми и побогати од својата матица. Колониите многу придонеле за развојот на економските и на трговските врски, како и за ширењето на хеленската култура во соседните земји.

## Создавање градови-држави

Хелените населиле пространи територии, но во својата земја никогаш не создале единствена држава. Хелада била поделена на многубројни мали **градови-држави**, наречени **полиси**. Секоја таква држава ја сочинувал градот (полисот) со околината. Во најстаро време, со државата управувал **крал**. Тој бил командант на војската за време на војна, а ги вршел и должностите на врховен свештеник и судија. Освен кралот, имало и **Совет на старци** и **Народно собрание**, кое го сочинувале сите слободни мажи, способни да носат оружје. Најпознати градови-држави во Хелада биле: **Спарта**, **Атина**, **Теба** и **Коринт**.

# СПАРТА



## Основање и население

Според преданијата, Спарта била основана од воинственото племе **Дорци**. Тие продреле на полуостровот **Пелопонес** од север. Во неговиот јужен дел, во областа Лаконија, во деветтиот век пред н.е. го основале градот **Спарта**. По него го добиле името **Спартанци**. Спарта станала силна војничка држава.

Населението на Спарта се делело на **спартијати**, **периојки** и **хејлоти**. **Спартијатите** ја имале сета власт во државата. Тие биле војници, постојано подготвени за воена акција. **Периојките** се занимавале со земјоделство, занаетчиство и трговија. Тие ѝ плаќале даноци на државата, но немале никакви права и не учествувале во власта. **Хејлотите** биле најбројни. Тие биле еден вид државни робови. Живееле во селата и се занимавале со земјоделство, а приходите од земјата и ги давале на државата, за издржување на спартијатите.



Спартански војник

## Државно уредување

Спарта имала многу едноставно уредување. На чело на државата стоеле **два крала**. За време на војна тие заповедале со војската и имале неограничена власт. Освен нив, со државата управувал и **Советот на старците**. Него го сочинувале 28 луѓе постари од 60 години, како и двајцата кралеви. Советот објавувал војна и склучувал мир, а бил и врховен суд во државата. Имало и **Народно собрание**. Него го сочинувале сите Спартанци што имале наполнето триесет години.

## Воспитанието на младите

Во Спарта се водела посебна грижа за **воспитанието на младите**. Целта била да се создадат **здрави и добри војници**, кои верно ќе ѝ служат на државата. Воспитанието било строго војничко. По раѓањето, здравите деца биле оставани да живеат, а болните и слабите биле фрлани во бездна.



Патот кон стара Спарта

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... **децата** во Спарта ги навикнувале да јадат секакво јадење, да не бидат пребирливи, да не се плашат од темнината и да не плачат.
- ... кога слушнала дека нејзиниот син избегал од непријателот, една Спартанка му напишала писмо: «За тебе се шират лоши гласови; **или измиј го срамот, или заврши го животот**”.
- ... на една Спартанка гласникот и јавил дека во војната загинале сите пет нејзини синови. Таа му рекла: „Не те прашувам за тоа, туку што е со татковината“? Тој одговорил: „Татковината победи“. А таа му рекла: „Тогаш, **полесно ќе ја поднесам смртта на моите деца**“.

**Децата** живееле со родителите до седмата година. Потоа ги преземала државата и ги школувала во посебни училишта, наречени **гимназии**. Таму најмногу внимание му се посветувало на нивниот **физички развој**, а малку учеле да читаат и пишуваат. Изведувале разни физички вежби: трчање, борење, фрлање копје и мечување. Ги учеле да бидат **издржливи**. Слабо ги хранеле, оделе боси и малку облечени, зиме се миеле со студена вода, а спиеле на тврда постела.

Децата биле воспитувани да ги почитуваат постарите, да ги мразат хејлотите и да одговараат само кога ќе бидат прашани, и тоа кратко и јасно. Ваквиот начин на зборување, мошне краток и јасен, се нарекува **лаконски**.

Со воспитанието биле опфатени и **женските деца**, за да можат подоцна да станат мајки на здрави деца. Младите Спартанки учеле во посебни гимназии. Таму се занимавале со гимнастички вежби, со музика и со пеење. **Мајките Спартанки** уживале голема почит во државата. Тие со гордост ги испраќале своите синови во војна. Подавајќи му го штитот, Спартанката го испраќала синот во војна со зборовите: „Со него или на него“. Со тоа му порачувала да биде храбар и да не се предава, па макар и загинал во борбата.

Со ваквото воспитание Спартанците станале одлични војници, особено ценети и почитувани во Хелада, а и надвор од нејзините граници.



Спартански борбен строј



Воспитанието на младите Спартанци

# АТИНА



Цртеж на стара Атина
со храмот Партенон

## Основање и население

Градот **Атина** се наоѓал на полуостровот **Атика**, близу до морето. Освен градот, државата ја сочинувале и околните селски населби. Во Хомерово време или малку подоцна, Атина загосподарила со цела Атика. Сите жители на Атика сега започнале да се нарекуваат **Атињани**, по името на главниот град.

**Населението** на Атина се занимавало со занаетчиство, трговија и морепловство. Тоа се делело на **аристократи** (благородници), **демос** (народ) и **робови**. **Аристократите** биле видни граѓани. Тие поседувале големи земјишни имоти и во прво време ја имале целата власт во државата. **Демосот** бил најброен, но во прво време немал право да учествува во управувањето со државата. Него го сочинувале селаните, занаетчиите и трговците. **Робовите** немале никакви права. Тие ги работеле најтешките работи.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Со што се занимавало **населението** во Атина?
- Какви **слоеви** на население постоеле?
- Кои биле големите атински **реформатори**? Што направиле тие?

## Државно уредување

На чело на градот-држава Атина, во најстаро време, се наоѓал **крал**. Тој бил главен заповедник на војската, врховен свештеник и врховен судија во државата. Освен кралот, имало и **Совет на старешини**, составен од видни благородници. Имало и **Народно собрание**, што го сочинувале сите полнолетни мажи. Подоцна кралската власт била укината, а со државата управувал **Совет од девет управители**, наречени **архонти**, кои биле избирани секоја година.

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Како се делело населението во Спарта, а како во Атина? Во што се **разликувале** нивните уредувања?

## Атинската демократија

Припадниците на **демосот** не биле задоволни од својата положба во државата и барале поголеми права. Аристократите била принудена да попуштат.

Тие прифатиле да се направат извесни **реформи**, промени во уредувањето на државата.

Атина имала двајца големи реформатори: **Солон** и **Клејстен**. Солон ги направил неговите реформи на почетокот, а Клејстен на крајот од VI век пред н.е. Со реформите, демосот добил поголеми права. Сите **слободни граѓани** на Атина добиле право да учествуваат во управувањето со државата. Со тоа завршила долгата борба на демосот со аристократијата, во која победил демосот. Во Атина било воведено **демократско уредување,** или владеење на демосот. Таа станала демократска држава. Најголема власт имало **Народното собрание**, кое го сочинувале сите слободни полнолетни граѓани. Народното собрание ги избирало државните органи и ја контролирало нивната работа. Собранието решавало со мнозинство гласови.

Атинската држава и демократијата во неа постигнале најголем напредок во **петтиот век пред н.е**. Тогаш на чело на државата се наоѓал водачот на демократите, **Перикле**. Во негово време Атина доживеала силен **стопански развој**: таа станала економски и културен **центар** на цела Хелада. Преку своето пристаниште **Пиреј**, Атина одржувала трговски врски со другите хеленски градови-држави и со многу подалечни земји.

## Односите меѓу градовите-држави

Хеленските градови држави никогаш не успеале да се обединат. Наместо тоа, тие често биле лути **соперници** и непријатели и војувале меѓу себе. Еден од најголемите успеси, што го постигнале заедно, се



Храмот на божицата Атена, наречен „Партенон“



Перикле

ОД ДЕЛАТА
НА СТАРИТЕ ПИСАТЕЛИ...

„Ова уредување се вика **демократија** затоа што власта не му припаѓа на малцинството, туку на **мнозинството** граѓани. Во однос на интересите на поединецот, законите им даваат на сите **исти права**... Ние во државата имаме слободен политички живот и имаме целосна доверба во меѓусебните односи. Слободни сме од секаква принуда во приватниот живот, а во општествените односи не ги прекршуваме законите, туку им се покоруваме на луѓето што добиле власт на одредено време“. (Тукидид: Говорот на Перикле за демократијата, што го одржал пред Атињаните)



Атинска монета





случил во **Грчко-персиските војни**, во кои Хелените се одбраниле од големото Персиско кралство. И денес се раскажува на храброста на хеленските борци во битките кај **Маратон**, кај **Термопилите** и кај **Платаја**. Па сепак, и тогаш некои Хелени се бореле на страната на Персијците.

Хеленските градови-држави понекогаш се здружувале меѓу себе и создавале силни сојузи. Најпознати биле **Пелопонескиот сојуз** и **Атинскиот поморски сојуз**. Во Пелопонескиот сојуз влегле полисите што се наоѓале на Пелопонес. Раководна улога во Сојузот имала **Спарта**. Атинскиот поморски сојуз го сочинувале полисите што се наоѓале покрај морскиот брег или на островите на Хелада. Водечка улога во Сојузот имала **Атина**.

Меѓу двата сојуза постоело соперништво, особено во трговијата. Тоа било причина меѓу нив да избувне војна. Оваа војна се водела во **втората половина на петтиот век пред н.е.** и е позната под името **Пелопонеска војна**. Војната им донела многу несреќи на Хелените. Многу градови биле разурнати, а земјата била опустошена. Пелопонескиот сојуз извојувал победа во војната, а Спарта добила превласт во цела Хелада. Сепак, и нејзината превласт траела кусо. Набргу зајакнала **Теба**, која успеала да ја победи Спарта на бојно поле и кусо време да стане предводник на Хелените.

Во Хелада имало мошне поволни услови за развој на трговијата, особено на **поморската трговија**. Хелените биле вешти **морепловци** и добри **трговци**. Хеленските градови-држави тргувале меѓу себе и со своите колонии. Од колониите најмногу се носело **жито**. Исто така, се тргувало и со **занаетчиски производи**. Хелените имале трговски врски и со соседните, и со подалечните земји.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Кој бил најголемиот **успех** на здружената хеленска војска?
- Кои биле најголемите политички **сојузи** во Хелада?
- Кога се водела **Пелопонеската војна**? Какви биле последиците од неа?



Реконструкција на атински брод

# КУЛТУРАТА НА ХЕЛЕНИТЕ



Ајсхил, Софокле, Еврипид и Аристофан

## Книжевност и театар

Хелените создале многу вредни книжевни дела. Најпознати се еповите „**Илијада**“ и „**Одисеја**“, кои му се припишуваат на поетот **Хомер**. Хелените пишувале и **лирски песни**, во кои ги изразувале личните чувства: љубовта, омразата, радоста, тагата.

**Театарот** имал важна улога во животот на Хелените. Театарските претстави настанале од свеченостите што биле приредувани во чест на **Дионис** – богот на виното и веселбата. Театарските дела за несреќни настани и со тажен крај се викале **трагедии**, а делата за весели и смешни настани се викале **комедии**. Најпознати автори на трагедии биле **Ајсхил**, **Софокле** и **Еврипид**, а најпознат автор на комедии бил **Аристофан**.

**Театарските претстави** се одржувале под отворено небо. Публиката во театрите седела на **камени седишта**, поставени како скали, во облик на **полукруг**. Актерите играле на подигната сцена, а во долниот, рамен дел на театарот имало хор. Хеленските трагедии и комедии имаат голема уметничка вредност, па затоа и денес се изведуваат во театрите во целиот свет.

## Филозофија и наука

Кај Хелените имало мудри луѓе. Тоа биле **филозофите**, чие име значи „љубители на мудроста“. За разлика од објаснувањата на митологијата и на религијата, тие поинаку ги објаснувале појавите во природата и општеството. Најпознати филозофи биле **Сократ**, **Платон** и **Аристотел**.

Хелените оствариле големи постигања и во областа на **науката**. Особено биле развиени историјата, математиката, градежништвото и медицината. Најпознат историчар бил **Херодот**, кој бил наречен „**татко на историјата**“. Мошне ценети историчари биле и **Тукидид** и **Ксенофонт**.

## Уметност

Хелените биле добри мајстори и изработиле прекрасни **уметнички дела**, кои и денес одушевуваат со својата убавина. Најубави градби биле **храмовите**. Најпознат бил храмот **Партенон** во Атина. Во храмовите се наоѓале статуи на боговите и на божиците, што ги изработувале вешти **вајари**. Од вајарските дела најпознати се: **Фрлач на диск**, **Носач на копје** и други. Внатрешноста на храмовите и на другите јавни згради била украсувана со **слики** од митологијата, религијата и од секојдневниот живот на Хелените.



Театарот во Епидаур

## Митологија и религија

Како и другите народи од тоа време, и Хелените не можеле да ги разберат и објаснат причините за некои појави во природата и во општеството. Тие појави ги објаснувале како невидливи, натприродни и натчовечки сили. Приказните за тие сили, за боговите и за хероите се викаат **митови**. Сите митови заедно ја сочинуваат **митологијата** на еден народ. Хелените имале многу богата митологија.

Хелените верувале во многу богови. Врховен бог бил **Зевс**. Тој бил господар на светот, на боговите и на луѓето. Покрај него многу почитувани биле и **Хера** – божица на небото и жена на Зевс, **Аполон** – бог на светлината и заштитник на уметноста, **Атена** – божица на мудроста, **Афродита** – божица на убавината и



„Носач на теле“





Реконструкција на два хеленски храма

многу други. Хелените верувале дека боговите имаат човечки изглед и човечки особини, и дека живеат во убави дворци на врвот на планината **Олимп**. На своите богови Хелените им граделе храмови, каде што се молеле и им носеле подароци.

Хелените верувале и во **титани**, кои имале натприродна сила, и во **херои-полубогови**. Најпознат титан бил **Прометеј**, а најголем херој бил **Херакле**.

## Олимписки игри

Хелените приредувале разни свечености во чест на боговите. Најпознати биле **олимписките игри**. Тие се организирале секоја четврта година во чест на **богот Зевс**. Се одржувале во градот **Олимпија** на **Пелопонес**, каде што се наоѓал најпознатиот храм на богот Зевс. По местото на одржување, игрите го добиле и своето име.

За време на олимписките игри прекинувале сите непријателства и бил воспоставуван **свет мир**, што го почитувале сите Хелени. Игрите траеле **пет дена**. Учесниците се натпреварувале во **трчање**, **скокање**, **борење**, **фрлање копје** и **диск**, **трки со коњи** и други дисциплини. Победниците биле прославувани во цела Хелада како големи јунаци, а како награда на главата им ставале **венци од маслинови гранчиња**.

Првите олимписки игри биле одржани во **776 година пред н.е.,** а биле укинати во **393 година од н.е.**



Дисциплини на олимписките игри ►

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Како настанал **театарот** кај Хелените? Како изгледала театарската зграда?
- Потсети се од каде потекнува и што значи зборот **историја**. Кој бил најпознатиот хеленски **историчар**? Како го нарекуваме?
- Кои се главните **богови** кај Хелените?

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Колку години непрекинато **се одржувале** олимписки игри во античко време?

ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

- Прочитајте во книга или енциклопедија кога биле **обновени** олимписките игри. Кој ја дал идејата за нивно обновување? Кога и каде се одржаа **последните летни олимписки игри**?

ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

- **Титани** се деца на богот на небото Уран и на божицата Земја, кои имале натприродна сила.



Хелада

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... според **митот за настанокот на светот**, во почетокот земјата, водата и небото не биле одвоени? Сè било измешано и се наоѓало во состојба на **хаос**. Потоа, од хаосот се издвоиле божицата **Гаја** (Земјата) и богот **Уран** (Небото). Од овој божествен пар се изродиле **титаните** и **гигантите**.

• ... Хелените го славеле **Прометеј** како добротвор? Тој го украл огнот од боговите и им го подарил на луѓето. Поради тоа Зевс го казнил. Прометеј бил окован на карпа, а еден орел секој ден му го клукал цигерот. Од ваквите маки го ослободил Херакле.

• ... точно знаеме како се одвивале **античките олимписки игри**? На првиот ден на прославата им се принесувале жртви на боговите. Судиите и натпреварувачите полагале заклетва пред жртвеникот и пред статуата на Зевс: едните, дека праведно ќе судат; другите, дека чесно ќе се однесуваат; дека нема намерно да го повредат противникот и дека се подготвувале десет месеци. Можеле да се натпреваруваат само **слободните и чесни Хелени**. Свеченоста блескаво завршувала на петтиот ден. Во храмот на Зевс, на маса од злато и слонова коска, лежеле **венци направени од дива маслинка**. Победниците стапувале во храмот пред судиите. Судијата го обвиткувал челото на победникот со волнен конец и му ставал на главата маслинов венец. Гласникот го огласувал неговото име, името на татко му и на неговиот град. Овенчаните победници му принесувале жртва на Зевс.

# ИЛИРИ

**Илирите** ги населувале источните брегови на Јадранското Море и поголемиот дел од западните териториии на Балканскиот Полуостров. Се смета дека името Илири најпрвин го носело едно племе, а со текот на времето го прифатиле и други племиња, сродни и блиски по јазикот и културата со Илирите. Нивното име постепено се проширило и на племињата во внатрешноста на Балканскиот полуостров.

Илирите биле поделени на повеќе племиња. Најпознати племиња биле **Далматите**, **Хистрите**, **Ардиеите, Плерајците, Таулантите** и други. Блиски со нив биле и **Дарданците**. Античките писатели ги опишуваат Илирите како високи и силни луѓе и како добри војници.

За Илирите има малку пишани извори, но затоа има голем број материјални остатоци. Илирите прв пат се спомнуваат во изворите во петтиот век пред н.е. Тие биле сродни со Хелените, Македонците и Тракијците.

**Илирите** биле политички разединети. Често војувале меѓу себе и со соседите и никогаш не успеале целосно да се обединат. Племињата сакале да ја задржат својата независност и само понекогаш се обединувале во племенски сојузи. На чело на племињата стоеле племенски **старешини**. Нивната власт се протегала само на територијата што му припаѓала на племето.

Илирите живееле во патријархални заедници. Одделни племиња биле организирани во повеќе **братства**. Жената имала голема улога во животот на племето, а понекаде на чело на племињата се наоѓале и жени.

Илирите претежно се занимавале со **земјоделство** и **сточарство**, а и со **лов** и **риболов**. Во топлите крајбрежни територии одгледувале **винова лоза** и **маслинки**. Кај некои илирски племиња се задржал стариот обичај – на секои осум години повторно да се **распределува** обработливата земја. Некои племиња покрај брегот биле вешти морепловци и ги контролирале бреговите на Јадранското Море. Од нив стравувале римските трговски бродови и хеленските колонии на брегот и на островите.



Одгледување винова лоза близу Јадранскиот брег

**ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...**

- ... старите автори запишале дека кај Илирите, особено во околината на Епидамнос, се одгледувала многу квалитетна лоза? Според некои современи научници, потеклото на лозата во Бордо во Франција е токму од илирските лози.

Во **сточарството**, се одгледувала крупна и ситна стока. Илирите од јужните краишта биле особено познати како одгледувачи на говеда и овци и биле ценети и надвор од границите на Илирија.

Кон крајот на V век пред н.е. се појавиле и првите **градски населби** на Илирите. Тие биле економски, занаетчиски и трговски центри, опкружени со селски населби. Градските населби се наоѓале на важни трговски патишта и биле добро заштитени со цврсти ѕидини.

Од седмиот век пред н.е., илирското крајбрежје на Јадранското и Јонското Море било изложено на **колонизација** на Хелените. Биле основани значајни хеленски колонии, како **Аполонија**, **Епидамнос (Дирахион)** и **Фарос**. Преку хеленските колонии, Илирите што живееле во приморјето биле изложени на силно **влијание на хеленската култура**. Наспроти нив, Илирите во внатрешноста на Балканскиот Полуостров долго време им останале верни на старите навики и обичаи на живеење.



Урнатини од градот Аполонија

## ИЛИРСКИ КРАЛСТВА

За да се одбранат од надворешните напади, илирските племиња понекогаш се здружувале во поголеми племенски сојузи, на чело со заеднички владетел – **крал**. Така биле создадени повеќе племенски сојузи или **кралства** на Илирите.

**Најстарото кралство** на Илирите било создадено **кон крајот на петтиот век пред н.е.**, на источното крајбрежје на Јадранското Море. Тоа била моќна држава на чело со кралот **Грабос**. Освен Грабос, познат владетел на оваа илирска држава бил и кралот **Бардилис**, современик на македонскиот крал Филип II. Тој војувал успешно против македонското кралство, но на крајот бил поразен од Филип II. За време на неговиот наследник, кралот **Грабос II**, кралството почнало да слабее.



Илирски војник





Илирски шлем



Плочка со приказ на илирски војници

## Кралството на Таулантите

Во втората половина на четвртиот век пред н.е., било создадено ново илирско кралство. Кралот на Таулантите по име **Главкија** успеал да обедини повеќе илирски племиња и создал силна држава – **кралство на Таулантите**. Главкија го искористил слабеењето на Македонија по смртта на кралот Александар III, па успеал да ги прошири териториите на своето кралство. Ги потчинил и богатите хеленски колонии Епидамнос и Аполонија. Илирите од соседните области почнале да се населуваат во овие градови. Така сѐ повеќе се засилувало илирското влијание. Кралството на Таулантите не траело долго. По смртта на кралот Главкија, кон крајот на IV век, тоа започнало да опаѓа.

## Кралството на Ардиеите

Најпознатата држава на Илирите е **кралството на Ардиеите**. Тоа било создадено во **третиот век пред н.е.**, под водство на племето Ардиеи. Кралот на Ардиеите **Агрон** успеал да обедини повеќе сродни илирски племиња и да создаде голема и силна држава, со престолнина во градот **Скадар**.

Кралот Агрон располагал со силна **флота** и **копнена војска**. Во негово време избувнала голема војна против Римјаните. Агрон успешно војувал против Римјаните и Хелените. Со своите лесни и брзи бродови, тој ги напаѓал римските и хеленските трговски бродови и колонии на Јадранското и Јонското Море. Илирите ги напаѓале и населбите на копното. Ги задржувале за себе земјоделските производи и добитокот, а се населувале и во неутврдените села.

По смртта на кралот Агрон, на чело на кралството застанала неговата жена, **кралицата Теута**. Таа успеала уште повеќе да ја зајакне државата и да ги прошири нејзините граници.

**Судирите на море** продолжиле и уште повеќе се засилиле. Затоа, Римјаните морале да испратат војска против Илирите. Во борбата со Римјаните кралицата Теута била **поразена**. Таа морала да ја признае римската власт, да им отстапи дел од своите територии и да им плаќа данок на Римјаните.

Освен кралството на Теута, мошне силно било и **кралството на Дарданците**. Тоа било соперник на Теута и остар противник на македонското кралство.

# КУЛТУРАТА НА ИЛИРИТЕ

**Илирите** имале развиена култура. Таа се развивала и под влијание на соседните култури, особено на хеленската и римската култура. Илирите рано воспоставиле трговски и културни врски со хеленските колонии на Јадранското Море. Тоа придонело за ширење на хеленското културно влијание меѓу илирските племиња. Подоцна, по паѓањето под римска власт, Илирите се нашле под силно влијание на римската култура.

## Култови и религија

**Илирите** негувале повеќе **култови**, кои биле поврзани со почитувањето на природните сили. Кај северните илирски племиња особено бил почитуван култот на **сонцето**, а кај јужните илирски племиња големо почитување уживала **змијата**. Таа е прикажана на накит и други предмети. Илирите ги почитувале шумите, реките и водата.

Илирите верувале во повеќе богови, биле **многубошци**. Главно божество бил богот **Силван**, заштитник на шумите и пасиштата, чувар на посевите и жетвата. Кај некои племиња особено бил раширен култот на речното божество **Биндос**, заштитник на изворите и водите. Го почитувале исто така и богот на војната **Медаур**, кој понекогаш се прикажувал како коњаник.

**Илирите** верувале во **задгробен живот** и го почитувале култот на умрените. Во гробовите ставале оружје, накит и други предмети, кои починатиот ги користел додека бил жив, бидејќи сметале дека нив тој ќе ги користи и по смртта. На своите кралеви и племенски старешини Илирите им граделе големи и масивни гробници.

## Начин на живеење

**Илирите** зборувале на посебен **јазик**, од кој останале само траги. Нивниот јазик бил сроден со јазиците на соседните народи (Хелени, Македонци, Тракијци), но сепак се разликувал од нив. Досега не е откриено посебно илирско писмо, а не се зачувани ниту натписи или други документи на илирски јазик.

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Која била **целта** на поморските напади на Илирите?

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... според античките писатели, Илирите најмногу од сè ја сакале слободата? Никогаш не дозволувале нивните ранети војници да паднат во рацете на непријателот. Биле подготвени да го жртвуваат животот за одбрана на своите пријатели и своите блиски.
- ...кралицата Теута била навистина енергична жена? Таа го опседнала градот Иса, кој бил под римска заштита. Испратените римски пратеници ја затекнале под Иса. На нивното барање да им стави крај на нападите на нејзините поданици, таа им одговорила дека државните бродови нема да ги напаѓаат Римјаните на море, но дека таа, според домашните закони, не може да им забрани на обичните луѓе да го прават тоа. Еден млад Римјанин се налутил и извикал дека Рим ќе ја присили да донесе поинакви закони. Тогаш таа им заповедала на нејзините луѓе да го убијат овој римски пратеник.



Илирска монета

ДА ПОВТОРИМЕ...

• Какви биле **верувањата** на Илирите? Кои други народи верувaa во **задгробниот живот**?

• Што знаеме за **јазикот** на Илирите?

Кои биле најголемите илирски **градови**?

• Кои **материјални остатоци** ни зборуваат за културата на Илирите?

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... **Дирахион** и **Аполонија** биле големи градови, со десетици илјади жители? Тие биле опкружени со цврсти бедеми за одбрана од непријателите. Во внатрешноста, во центарот, се наоѓал плоштадот. Имало и храмови на боговите, прекрасни згради за живеење, занаетчиски работилници и згради за трговците, кои тргувале со соседните племиња. Уште од средината на петтиот век пред н.е. овие градови ковале и свои пари.

Зачувани се само неколку одделни зборови и повеќе лични имиња и имиња на места.

Најголем дел од Илирите живееле во **селата**, а помал дел од нив живееле во **утврдени градови**. Во градовите живееле владетелите, благородниците, трговците и занаетчиите. Имало голем број илирски утврдени градови. Познати биле: **Пелион**, **Димале**, **Скадар** и други. Еден од најголемите градови во Илирија бил градот **Билис**. Тој имал дебели бедеми долги преку 2 километри, голем плоштад, театар за околу 7000 гледачи, цистерна за вода и стадион.

Многу владетели на Илирите ковале свои **пари**. Пари ковале и многу градови, на пример Дирахион и Билис.

## Остатоци од материјалната култура

**Илирите** оставиле значајни археолошки сведоштва за својата материјална и духовна култура. За животот и културата на Илирите најдобро зборуваат **материјалните остатоци**. Тоа се претежно предмети од глина, камен и метал најдени на териториите што ги населувале илирските племиња. Со **археолошки истражувања** се откриени многу накит, садови, скулптури, оружје, орудија за работа и други предмети. Откриени се исто така и остатоци од куќи, театри, патишта, водоводи, храмови на боговите и друго.

Главни центри на културата биле **Дирахион** и **Аполонија**, каде што се пронајдени голем број материјални остатоци. Покрај нив, остатоци од материјалната култура на Илирите се пронајдени и во Билис, Скадар и други места.

Зачувани се и остатоци од **утврдени населби** на Илирите, заштитени со цврсти одбранбени бедеми, изградени од големи камени блокови.



Материјални остатоци од Илирија



Бедемите на градот Даорсон

## ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Погледајте ја картата. На која **територија** живееле Илирите? Кои **држави** денес се наоѓаат на таа територија?




Илирските племиња и градови





Театрите во Дирахион и Билис



# МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК

# МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ДО ФИЛИП II



Монети на македонските кралеви



Најважен македонски симбол било Сонцето

## Територија и население

**Македонија** се наоѓала во централниот дел на Балканскиот Полуостров, северно од Хелада. Земјата била претежно планинска, богата со пасишта, со многу реки и езера, со речни долини и котлини. Само поширокото крајбрежје на Егејското Море било низинско. Планинските предели во внатрешноста биле познати како **Горна Македонија**, а приморскиот, низински дел како **Долна Македонија**.

Според митологијата, Македонците воделе потекло од **митскиот херој Македон**. Територијата на Македонија ја населувале повеќе македонски племиња. Најголеми и најпознати племиња биле Бригите, Пајонците, Пелагонците, Линкестите, Орестите и Едонците.

**Населението** се занимавало со **земјоделство**, **сточарство**, **лов** и **риболов**. Со користењето на шумите и на рудните богатства, се развиле **занаетчиството** и **трговијата**.

## Основање на државата

**Обединувањето** на самостојните македонски племиња во **единствена држава** започнало во **осмиот век пред н.е.** За основач на македонската држава се смета кралот **Пердика I**, кој владеел кон крајот на осмиот и почетокот на седмиот век пред н.е. Јадрото на македонската држава се наоѓало во Долна Македонија. Престолнина на државата бил градот **Ајга**, на падините на Пиериските планини. Кралското семејство водело потекло од градот **Аргос** во областа Орестида, па затоа првата македонска **династија** е позната како династија на **Аргеадите**.

Во македонското кралство имало и **Народно собрание**. Собранието го поставувало кралот на престолот и решавало за сите важни државни прашања. Собранието го сочинувале сите Македонци што биле способни да носат оружје. Важна улога во македонската држава имале **хетајрите**, верни придружници на

кралот. Тие насекаде го придружувале својот владетел: во мир, во војна, на лов. Во војската служеле како коњаници.

## Јакнење и проширување на државата

Наследниците на кралот Пердика настојувале да ја зацврстат и да ја прошират својата држава. Позначајни меѓу нив биле кралевите Александар I, Пердика II и Архелај I.

Кралот **Александар I** владеел во првата половина на петтиот век пред н.е. Во негово време, македонската држава значително се зацврстила и се проширила. Тој учествувал во **Грчко-персиските војни.** Херодот пишува дека Александар I им помагал на Хелените во војната против Персија. Поради тоа, многу подоцна, бил наречен Филхелен – пријател на Хелените. Тој е првиот македонски крал што имал богати сребрени рудници, па затоа и **ковал свои монети**.

Негов наследник бил кралот **Пердика II**, кој владеел во петтиот век пред н.е. Пердика владеел за време на **Пелопонеската војна** меѓу Атина и Спарта, и учествувал во воените непријателства.

Во времето на кралот **Архелај I,** кон крајот на петтиот век пред н.е., македонската држава уште повеќе се издигнала и зајакнала. Архелај е особено познат по својата **градежна дејност**. Изградил многу патишта и тврдини. Тој ја пренел **престолнината** од Ајга во **Пела**, која била поблиску до средиштето на кралството. Имал добри односи со Хелените. На неговиот дворец во Пела престојувале и работеле познати хеленски уметници, писатели и архитекти, меѓу кои бил и атињанецот **Еврипид**. Од времето на Архелај започнале да се одржуваат **македонските олимписки игри**.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Какви биле **природните услови** на територијата на Македонија?
- Кога започнало **обединувањето** на македонските племиња?
- Кои **државни органи** учествувале во управувањето со македонската држава?
- Зошто првата македонска династија се нарекува **Аргеади**?

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Зошто Македонците востановиле свои **олимписки игри**, независно од олимписките игри во Хелада?
- Кој можел да учествува на хеленските, а кој на македонските олимписки игри?

ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

- **Династија** е след од владетели, кои со генерации доаѓаат од исто семејство.



Кралската палата во Ајга



Кралската палата во Пела

# МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК



Можен изглед на палатата во Ајга




Античка Македонија

# МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА ФИЛИП II



## Реформи во државата

Во средината на четвртиот век пред н.е., Македонија станала најмоќна држава на Балканскиот Полуостров. За тоа бил заслужен кралот **Филип II** (359-336 година пред н.е.). Тој бил способен владетел, голем војсководец, но и мудар дипломат и политичар. Филип направил повеќе **реформи** за да ја зајакне македонската држава.

Најзначајна реформа била спроведена во **војската**. Посебно внимание кралот ѝ посветил на познатата **македонска фаланга**. Фалангата се состоела од **16 реда** војници, вооружени со **долги копја,** наречени **сариси**. Првите пет реда ги носеле копјата издадени напред, а другите ги носеле исправени нагоре.

Војската се состоела од **пешадија** и **коњаница**. Била формирана и посебна **кралска чета**. Освен тоа, Филип во битките употребил и **воени справи** – катапулти и овни, кои се користеле при опсада на градови.

Филип II е првиот македонски крал кој почнал да кова **златни монети**. Со тоа, државата уште повеќе **економски** зајакнала. Се проширила трговијата со соседните земји, а македонската златна монета била многу барана.



Филип II



Монета на Филип II

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

• Потсетете се како беа **уредени** хеленските полиси, а како македонското кралство. Има ли **сличности**? Кои се **разликите**?





Македонската фаланга

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Какви **реформи** спровел кралот Филип II? Каква била неговата **војска**?
- На кои **територии** се проширила македонската држава?
- Како биле покорени хеленските **градови-држави**?



Споменик на Тебанците загинати кај Хајронеја

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... со својата дејност, кралот Филип II им оставил голем **впечаток** на современиците? Затоа тие го нарекуваат „**најголемиот маж што го имала Европа**“.
- ... во битката кај Хајронеја, со својата храброст особено се истакнал синот на Филип II, младиот **Александар**? Тој го предводел левото крило на македонската војска.

## Јакнење и проширување на државата

Кралот **Филип II** водел успешни војни со соседите. На запад извојувал победа над **Илирите**, на север го победил самостојното македонско племе **Пајонци**, а на исток **Тракијците**. Сите тие ја признале неговата власт. Потоа ги потчинил **хеленските колонии** на северното крајбрежје на Егејското Море, како и богатата житница **Тесалија**. Со овие победи, територијата на македонската држава многу се проширила.

Кралот **Филип II** многу вешто ја користел неслогата меѓу хеленските градови-држави, кои постојано војувале меѓу себе. Помагајќи ги едните против другите, успеал да го прошири своето влијание до средна Хелада. Тоа претставувало сериозна закана за **Атина**. Поради тоа, населението во Атина се поделило на приврзаници и на противници на македонскиот крал. Првите го сметале Филип за спасител и обединител на Хелените, кој ќе ги поведе во војна против Персија. Другите во Филип гледале најголем непријател. Нив ги предводел говорникот **Демостен**. Под негово водство во Хелада бил создаден антимакедонски сојуз.

Решавачката битка меѓу Македонците, предводени од Филип, и Хелените, предводени од Атињаните, се одиграла во **338 година пред н.е.** кај **Хајронеја**. Битката завршила со победа на македонската војска. Хелените биле принудени да го признаат врховното и политичко водство на Филип II, односно превласта на македонското кралство.

По **победата** кај Хајронеја, кралот Филип II се сретнал со претставници на најпознатите хеленски полиси. Притоа, било договорено тој да ги предводи Хелените во војна против Персија. Но, смртта го спречила Филип II да го заврши планираниот поход. Во времето кога походот почнувал, тој бил убиен од заговорници во Пела.



Кралските гробници во Ајга

# МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ



## Средување на состојбата на Балканот

По смртта на кралот Филип II, на престолот на македонското кралство дошол неговиот дваесетгодишен син **Александар III Македонски (336-323 г. пред н.е.)**. Иако бил млад, Александар бил многу **надарен** и **способен** владетел и голем **војсководец**. Кога разбрале дека Македонија има млад крал, некои хеленски градови, а и некои од покорените народи на Балканот, се обиделе да ја отфрлат македонската власт. Но, Александар успеал да ги победи и ги принудил да ја признаат неговата власт. Во походот кон север, Александар ја поминал и **реката Дунав**. Откако ја средил состојбата на Балканот, почнал да се подготвува да ја оствари намислата на неговиот татко: да тргне кон исток, против Персија.



Александар III

## Походот на Исток

Александар го започнал **походот на Исток** против Персија во **334 година пред н.е**. Персија била многу поголема држава од Македонија, а имала и побројна војска. Александар тргнал во походот со добро организирана и дисциплинирана војска од околу 40.000 луѓе. Персиската војска била побројна, но била слабо организирана. Првата битка со Персијците се одиграла кај реката **Граник** во Мала Азија. Македонците извојувале голема победа. Персискиот владетел **Дареј III** се обидел да го спречи натамошното македонско напредување. Но, во битката кај **Исос**, персиската војска доживеала нов пораз.



Монета
на Александар III



Мозаик со приказ на битката кај Исос




Македонската држава во времето на Александар III

По првите победи, Александар се упатил кон **Египет**, кој бил под персиска власт. Таму бил пречекан како ослободител од персиската зависност и бил прогласен за **фараон** и **син на богот на сонцето Амон Ра**. На брегот на Средоземното Море го основал градот **Александрија**. Освен овој, Александар во освоените земји подигнал повеќе градови што го носеле неговото име.

Од Египет, Александар се упатил кон центарот на Персиското Кралство. Решавачката битка се одиграла во **331 година пред н.е.** кај местото **Гавгамела**. Персиската војска доживеала тежок пораз. Потоа биле освоени и останатите персиски територии. Тогаш Александар се прогласил за **крал на Азија**, а за престолнина го одбрал градот **Бабилон**.

Во понатамошните освојувања на Исток, Александар стигнал до Индија, каде се судрил со владетелот на западна Индија, кралот **Пор**. Државата на Александар III Македонски станала држава на три континенти и **светска сила**.

Но, по **долгите војувања** во далечните земји, македонската војска била уморна. Војниците долго време биле разделени од своите семејства, тешко ја поднесувале неповолната клима и често се бунтувале. Затоа, Александар решил да се врати назад. На најоддалеченото место до кое стигнал, бил поставен столб на кој пишувало „Овде запрел Александар“.

**Враќањето** од Индија кон Бабилон било многу тешко и опасно. Се одвивало по копно и по море. Војската се движела низ тешко проодни и сурови пустински предели. Голем број од војниците настрадале од горештините и од сушата. По неколкумесечно патување, кралот Александар пристигнал во градот Суза.

Среќното пристигнување во **Суза** било прославено со **масовна свечена свадба**, во која околу **десет илјади Македонци се ожениле со Персијки**. Кралот Александар се оженил со две персиски принцези. Свадбата била направена според персиските обичаи, а сите младоженци добиле богати подароци од кралот.

Плановите на Александар III за нови походи не се оствариле поради неговата ненадејна смрт. Тој умрел во **323 година пред н.е.**, кога имал само **33 години**. Бил погребан во Александрија во Египет.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Во какви **околности** Александар III дошол на македонскиот престол?
- На кој начин Александар III Македонски создал **светска империја**?
- Кои биле **причините за враќањето** на Александар од Индија?




Монета на Александар III

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... коњот на Александар се викал **Букефал** – „Вологлав“? Букефал се плашел од својата сенка, па бил премногу див и никој не можел да го јава. Александар **успеал да го скроти**, на голема радост на татко му Филип.
- ... Александар го пресекол **Гордиевиот јазол**? Владетелот Гордиј од Мала Азија врзал многу заплеткан јазол. Гордиј рекол дека човекот што ќе го расплетка јазолот ќе стане **господар на светот**. Александар го пресекол со меч јазолот и така го „исполнил“ пророштвото на Гордиј.
- ... на територијата на која што се протегало кралството на Александар III денес постојат **25 држави**?

# АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ



Аристотел

## Образование и воспитание

**Александар** бил син на кралот **Филип II** и на кралицата **Олимпијада**.

Уште како мал, тој покажувал **храброст**, **решителност**, **великодушност** и желба за слава и докажување. Имал голема желба да го надмине својот татко.

**Александар** растел заедно со децата на најблиските соработници на татко му. Имал повеќе воспитувачи и учители. Кога имал 14 години, негов учител станал познатиот хеленски **филозоф Аристотел**. Од него научил многу за филозофијата и за природните науки.

На кралскиот двор во Пела, Александар имал можност да се среќава со луѓе од разни земји. Со нив разговарал за нивните земји и обичаите, за нивната оддалеченост и за начинот на кој војуваат.

**По својата шеснаесетта година** Александар често го придружувал или го заменувал својот татко во војна. Кога Филип бил отсутен од Пела, тој раководел со државничките работи. Така уште млад се стекнал со повеќе знаења од секојдневниот живот, од воените вештини и од раководењето со државата.

## Односот на Александар кон другите народи и култури

**Откако станал крал**, па сè до крајот на животот, Александар постојано бил во војни и освојувања и секогаш **победувал** на бојното поле. Народите што ги потчинил зборувале на различни јазици, верувале во различни богови и имале поинакви обичаи од македонските. Тој никогаш не ги потценувал и омаловажувал освоените народи и култури. Напротив, ги почитувал нивните обичаи, а некои од нив и самиот





Релјеф на Александар III; во антиката релјефите се боеле со живи бои

ги прифатил. Така, го прифатил персискиот начин на облекување и обичајот на **поклонување пред владетелот**. Со таквиот однос ги привлекувал кон себе потчинетите народи. Затоа некои го пречекувале како ослободител и го прогласувале за бог, како што тоа го направиле Египјаните. Понесен од идејата за создавање **светска држава**, тој спроведувал политика на меѓусебна **толеранција** на различните народи и култури.

Сепак, Александар знаел жестоко да се пресметува со оние што му давале отпор. Александар бил **строг** кон своите блиски соработници, пријатели и војсководци. За недисциплина, непослушност, подготвување заговори и предавства, ги судел и строго ги казнувал.

Александар бил најголем **војсководец** и **освојувач** во историјата. Со своите походи тој надалеку го раширил и го прославил името на Македонија. Создал огромна држава, која се протегала на три континенти: Европа, Азија и Африка. Поради неговите освојувања, подоцна Римјаните му го дале прекарот „**Велики**“.

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

• Зошто Александар размислувал така за **победите на својот татко**?

• Како се однесувал Александар III кон културата на **другите народи**? Како се однесувал кон заробените кралеви? **Зошто**?



Статуа на Александар III

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... кога се родил Александар, кралот Филип II истовремено добил **три радосни вести**? Првата била дека неговата војска ги победила Илирите; втората дека неговите коњи победиле на трката во Олимпија; и третата вест била дека му се родил син. Среќата на Филип била зголемена од предвидувањата на гатачите, кои протолкувале дека неговиот новороден син никој не ќе може да го победи.

• ... во една пригода, Филип II му рекол на Александар: „Сине, барај си кралство достојно за тебе, зашто **Македонија ти е мала**!“

• ... кога ќе стигнела вест дека Филип освоил некој град или победил во некоја битка, Александар тоа не го слушал со радост, туку им велел на своите врсници: „Другари, татко ми се ќе ми земе однапред, а **за мене нема да остане ниту едно големо и значајно дело** да го извршам со вас!“

• ... Кога еднаш го прашале дали сака да се натпреварува на олимписките игри, одговорил: „Секако, само ако со мене се натпреваруваат **кралеви**“.

• ... по битката кај Исос, кога било заробено семејството на кралот Дареј III, Александар заповедал да се однесуваат кон заробениците како кон кралско семејство и никој да не ги вознемирува. Подоцна, кога го пронашол мртвото тело на Дареј, Александар **го погребал со сите почести**, како владетел, и **ги казнил неговите убијци**.

• ... при војувањето во Индија бил заробен кралот Пор. Александар го прашал како да постапи со него, а кралот Пор одговорил: „**Кралски**!“ Александар бил восхитен од храброста на Пор, го ослободил и му дал земји на управување.

# КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... Македонците **јаделе седејќи**, за разлика од Хелените и Римјаните, кои јаделе лежејќи?

• ... **жената** кај Македонците имала голема слобода и била еднаква со мажот? Само владетелите можеле да имаат повеќе жени, за да си обезбедат наследник на престолот.

• ... македонски **свадбен обичај** бил да се сече свадбената погача со копје? Лебот бил свет симбол на телесно здружување, и идните сопружници каснувале од лебот. Со сечилото на железното копје се бркале лошите духови.

• ... лебот и **житото** имале голема улога кај Македонците? Границите на новите градови се обележувале со брашно. При основањето на Александрија во Египет, нацртот на тлото на градот бил исцртан со брашно од јачмен.



Релјеф на македонско семејство

## Култови и религија

**Македонците** негувале повеќе **култови**, кои биле поврзани со почитувањето на природните сили. Најраспространет бил култот на **сонцето**. Затоа сонцето го прикажувале на накитот, оружјето, особено на штитот. Тоа се среќава и на некои од монетите на македонските кралеви. Го почитувале култот на **водата**. Кон **реките** се однесувале како кон божества и им принесувале жртви. Македонците посебно ги почитувале **лавот**, **јарецот**, **волкот** и **кучето**. Нивни претстави можат да се сретнат на монетите од некои владетели или на други предмети.

Македонците верувале во повеќе богови. Врховно божество бил богот **Диос**, господар на небото. Покрај него ги почитувале **Зејрена**, божица на убавината, **Дионис**, бог на пролетта и други. Го почитувале и **Херакле**, кого го сметале за свој митски предок и родоначалник на кралската куќа.

Македонците имале свој **свет град**. Тоа бил градот **Дион**, којшто се наоѓал на северните падини на планината Олимп. Во Дион се одржувале **македонските олимписки игри**.

## Начин на живеење

Македонците говореле на **посебен јазик,** кој бил сроден со јазиците на соседните народи – Хелените, Илирите и Тракијците. Го користеле хеленското писмо. Од јазикот на античките Македонци останале само траги: зачувани се само околу **150** одделни **зборови,** како и **имиња на луѓе, места и реки**.

Македонците имале **календар** од **12 месеци**. Според него, годината започнувала во **октомври**. Со освојувањата на Александар III Македонски во Азија, овој календар почнал да се користи и таму.

Македонците се разликувале од другите народи по начинот на облекување, по војувањето и по симболите што ги употребувале.

Македонците носеле посебна капа, наречена **кавсија**; македонските кралеви носеле врз неа и бела лента, или пак кралска дијадема. Тие имале и прстен-печатник и кралски жезол. Кралевите имале обичај да се прикажуваат со кожа од лав, по примерот на митскиот предок Херакле.

## Остатоци од материјалната култура

Македонските кралеви ковале свои **монети**. Тие биле изработувани од бронза, од сребро и од злато. На нив биле претставувани ликовите на владетелите, но имало и претстави од митологијата, од растителниот и од животинскиот свет во Македонија.

Во Македонија било развиено занаетчиството. Со искористување на рудниците се овозможил развој на повеќе занаети. Се изработувале **украсни предмети** (накит) од сребро и злато и предмети за **секојдневна употреба** (облека, садови, оружје).

Била развиена и **градежната дејност**. Се граделе раскошни палати на кралевите и убави куќи за благородниците, украсени со ѕидни слики и скулптури. Нивните подови биле украсени со прекрасни мозаици.

Остатоците од материјалната култура и археолошките наоѓалишта покажуваат дека културата кај Македонците била високо развиена. Значајно археолошко наоѓалиште од тоа време е престолнината **Пела**, како и кралските гробници од **Вергина** (Кутлеш). Многу остатоци од материјалната култура од тоа време се пронајдени во **Требениште** (кај Охрид), **Марвинци** (кај Валандово), **Вардарски Рид** (кај Гевгелија) и на други места.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Кои биле позначајните **култови** кај античките Македонци?
- Кои биле главните **обележја** на македонските кралеви?
- Каква улога имал **лебот** во обичаите на Македонците?
- Кои се позначајните **археолошки наоѓалишта** од тоа време?

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Кои се сличностите, а кои разликите меѓу културата на Македонија и на Хелада?



Македонски златен украс





Мозаици од Пела

# ХЕЛЕНИСТИЧКИ ПЕРИОД



Лисимах, Птолемај и Селеук

**Хеленистичкиот период** е значаен дел од историјата на стариот век. Тој го опфаќа времето од владеењето на Александар III Македонски, до 30-та година пред н.е., кога под римска власт паднал Египет, последното хеленистичко кралство. Хеленистичкиот период ја опфаќа историјата на државите кои биле создадени по смртта на Александар Македонски, на територијата на неговата огромна држава.

## Распаѓање на државата на Александар III Македонски

По смртта на Александар, започнале борби за неговото наследство и за македонскиот престол. Тие борби биле причина за распаѓањето на огромната држава на Александар.

По смртта на Александар, неговите **најблиски соработници** и војсководци, наречени **дијадоси** (наследници), повеќе од четириесет години жестоко се бореле за власт. Најпознати меѓу дијадосите биле: **Пердика**, **Антигон Еднооккиот**, **Антипатар**, **Лисимах**, **Птолемај** и други. Дијадосите се бореле едни против други. Тие создавале сојузи, заграбувале територии и организирале убиства на своите противници. Во борбите настрадале и мајката на Александар и неговиот малолетен син.

Најпосле, во **првата половина на III век пред н.е.** државата на Александар Македонски се распаднала на **три големи држави**, и тоа: Македонија во Европа, Египет во Африка и државата на Селевкидите во Азија. На чело на овие држави се наоѓале владетели од македонско потекло.

Во **Македонија** дошла на власт нова династија, наречена **Антигониди**. Таа владеела сѐ до паѓањето на кралството под римска власт. Државата на **Селевкидите** постоела до средината на I век пред н.е., кога била освоена од Римјаните. **Египет,** на чело со династијата **Птолемаиди,** се одржал најдолго,

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Што станало со **државата на Александар III** по неговата смрт?
- На колку **дела** најпосле се распаднала државата на Александар Македонски?
- Како завршиле **хеленистичките кралства**?

но најпосле и тој паднал под римска власт. Последен владетел на Египет била кралицата **Клеопатра**.

По распаѓањето на државата на Александар, **Македонија** останала најмоќна држава на Балканот. Таа опстојала сè до паѓањето под римска власт **во 168 година пред н.е.** Дваесет години подоцна, Македонија станала римска провинција.

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... филозофот **Диоген** го презирал луксузниот живот? Според преданието, тој живеел во буре. Еднаш шетал со запалена лампа среде бел ден; кога го прашале што прави, одговорил „**Барам човек**“.
- ... на **Родос**, на влезот во пристаништето, била изградена огромна статуа, висока 34 метри? Оваа статуа, наречена „**Колосот од Родос**“, современиците ја сметале за едно од седумте светски чуда.

## Хеленистичка култура

Со освојувањата на Александар III Македонски, македонската и хеленската култура дошле во допир и се сплотиле со културите на источните народи. Така била создадена нова, **хеленистичка култура**.

Најголем културен центар во хеленистичкиот период бил градот **Александрија** во Египет. Тој бил голем град, со убави згради, широки улици, со водовод, театри, бањи, паркови и со две пристаништа. Посебно бил убав делот од градот каде што се наоѓала прекрасната **кралска палата**. Во Александрија било погребано и телото на Александар Македонски, но до денес неговиот гроб не е пронајден.

Во Александрија се наоѓала голема **библиотека** – најголема во стариот век, а исто така и голем и важен центар на науките и уметностите, наречен **Мусејон**. На влезот во пристаништето на Александрија се наоѓал огромен **светилник**, висок над 130 метри. Тој бил сметан за едно од седумте светски чуда во стариот век. Други културни центри биле градот **Пергам** во Мала Азија и градот **Родос** на истоимениот остров.

Во хеленистичкиот период многу се развиле **науките**. Особено биле развиени математиката, физиката, медицината и филозофијата. Најпознат математичар и физичар бил **Архимед**, а најпознат филозоф бил **Диоген**. Од **уметностите**, најпознато дело била скулптурата **Лаокон и неговите синови**, која ја изработиле тројца скулптори од островот Родос.



Колосот од Родос



Лаокон и неговите синови (детал)



# СТАРИОТ РИМ



# ОСНОВАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА



Етрурски танчари

## Територија и население

Римската држава била основана на **Апенинскиот Полуостров**. Полуостровот е поврзан со Европа само од северната страна, преку еден планински венец. Од другите страни е опколен со мориња, со слабо разгранет брег. Северниот дел на Апенинскиот Полуостров е претежно рамничарски и е погоден за земјоделство. Средниот и јужниот дел се планински, богати со пасишта и погодни за сточарство. Климата на Апенинскиот Полуостров е блага, а почвата е доста плодна.

На Апенинскиот Полуостров во стариот век живееле повеќе племиња и народи. Во почетокот, најпознати биле **Етрурците**, како и племињата Оски, Умбри и **Латини**. Етрурците биле најстари жители на Апенинскиот Полуостров. Се занимавале со земјоделство, занаетчиство и трговија. Живееле во градови-кралства со развиена култура и уметност. Нивните градови имале поплочени улици, канализација и водовод. Латините, пак, имале најзначајна улога во основањето на Рим. Тие се занимавале со земјоделство и сточарство.

## Основањето на Рим

**Латините** се населиле во средишниот дел на Апенинскиот Полуостров. На левиот брег на реката Тибар, на седум блиски ритчиња основале свои населби, кои биле опкружени со мочуришта. Етрурците, кои живееле од другата страна на Тибар, често ја минувале реката и ги разменувале своите производи со производите на Латините. Латините прифатиле голем дел од културата на Етрурците.

Етрурците преземале и воени напади против Латините. За да се одбранат полесно од нападите, населбите на седумте ритчиња се обединиле. **Така настанал градот Рим**. Во шестиот век пред н.е., Етрурците ги победиле Латините и го освоиле Рим.

За основањето на Рим е зачувана и една **легенда**. Според неа, Рим бил основан во 753 година пред н.е. од близнаците **Ромул и Рем**. Уште додека биле во

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Какви биле **природните услови** на Апенинскиот Полуостров?
- Кои **племиња** имале најголема улога во основањето на римската држава?
- Како се делело **населението** во Рим?

лулка, нивниот лош стрико ги фрлил во реката Тибар. Од реката ги извадила една **волчица**, која ги задоила, а потоа ги нашол и ги пораснал еден овчар. Кога пораснале, браќата му се одмаздиле на лошиот стрико. Потоа основале град, кој по Ромул го добил името **Рим** (на латински **Рома**).



Волчицата ги дои Ромул и Рем

## Општествено и државно уредување

Во најстаро време, во Рим имало **родовско уредување**. Со текот на времето, родовите се распаднале на повеќе **фамилии**. На чело на фамилијата стоел **татко**, наречен **патер**.

Населението во градот Рим се делело на слободни луѓе и робови. Слободните луѓе се делеле на **патриции** и **плебејци**. **Патрициите** биле богати и ги имале сите права во државата. Од нив биле избирани конзули и сенатори.

**Плебејците** се занимавале со земјоделство, занаетчиство и трговија. Плаќале даноци на државата, служеле во војска, но во почетокот немале право да учествуваат во управувањето. Бракот меѓу патрициите и плебејците бил забранет со закон.

Со градот Рим најпрвин управувал **крал**. Тој бил и заповедник на војската, врховен судија и врховен свештеник. Освен кралот, имало и **Народно собрание** и **Сенат**. Народното собрание го сочинувале сите полнолетни мажи војници. Сенатот го сочинувале старешините на најбогатите и на најугледните родови.

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Погледнете ја картата на Европа. Која **држава** денес се наоѓа на **Апенинскиот Полуостров**? Кој е нејзиниот **главен град**?
- Размисли зошто волчицата со близнаците Ромул и Рем е симбол на градот Рим!



Зградата на Римскиот сенат



Римскиот сенат

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... историчарот **Тит Ливиј** вака ја опишал **местоположбата на Рим**: „Боговите и луѓето имале многу причини да го изберат ова место за да основаат град: цврсти ридови; пристапен пат, кој ни носи плодови од внатрешноста и овозможува истовар на стока од морето; море доволно близу за нашите потреби, а сепак не преблизу за да се плашиме од нападите на туѓа морнарица; место во средиштето на полуостровот, како создадено за процут на градот...“

# ЈАКНЕЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА



Римски легионер

Во **509 година пред н.е.**, Римјаните го протерале последниот крал и се ослободиле од власта на Етрурците.

Наместо крал, започнале да избираат **двајца конзули**, кои управувале со државата една година. Највисок орган на државата бил **Сенатот**. **Народното собрание** го сочинувале сите слободни Римјани.

## Покорување на Апенинскиот Полуостров

Откако се ослободиле од Етрурците, Римјаните започнале да водат војни со соседите и да ја прошируваат територијата на нивната држава. Успеале да ги победат Етрурците и да ја освојат цела Етрурија. Војувале против Оските и Умбрите, па постепено го освоиле и средниот и јужниот дел на Апенинскиот Полуостров. **Кон средината на III век пред н.е.,** Римјаните станале господари на целиот Апенински Полуостров.

## Римската војска

Благодарејќи на добро организираната војска, Римјаните продолжиле да водат **успешни војни** и по освојувањето на Апенинскиот Полуостров. Во војската служеле Римјани на возраст од 17 до 45 години. Побогатите служеле во коњицата, а другите во пешадијата. Основна единица во војската била **легијата**. Таа броела околу 5000 војници, а се состоела од тешка пешадија, лесна пешадија и коњица. Римската војска била добро вооружена и извежбана. Во војската владеела строга дисциплина. Војниците биле вооружени со голем штит и кус меч или копје. На горниот дел од телото имале оклоп, а на главата шлем.

## Освојувања во Африка, Европа и Азија

Откако ја покориле Италија, Римјаните почнале да ги освојуваат земјите околу **Средоземното Море**. Најпрвин завојувале против **Картагина**. Таа

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Како Рим станал **господар** на Апенинскиот Полуостров?
- Како изгледал **римскиот војник**?
- Зошто Рим војувал со **Картагина**? Зошто **Втората пунска војна** била најтешка за Римјаните?
- Каква била судбината на **освоените земји**?

била силна држава во Северна Африка, на брегот на Средоземното Море. Картагинците биле одлични морепловци и многу вешти трговци. Картагина им пречела на Римјаните да ја рашират својата трговија на Средоземното Море. Освен тоа, оваа држава имала територии мошне блиску до Рим. Ова предизвикало војна.

**Во третиот и вториот век пред н.е.**, меѓу Рим и Картагина биле водени три војни, познати под името **Пунски војни**. Најтешка за Римјаните била **Втората пунска војна**. Тогаш познатиот картагински војсководец **Ханибал** се пробил до Рим, но не успеал да го освои градот.

Војните завршиле со победа на Римјаните, предводени од прочуените војсководци од семејството **Скипиони**. Картагина била освоена и запалена. Нејзините територии биле присоединети кон римската држава. Така Рим станал господар на западното крајбрежје на Средоземното Море.

Рим водел војни и на Балканскиот Полуостров. По долги борби, успеал да ги покори **Македонците**, **Илирите**, **Хелените** и другите балкански народи. Нивните територии ги претворил во провинции. Римјаните ги освоиле и **Мала Азија**, **Сирија**, **Палестина** и **Египет**. На тој начин станале господари на источното крајбрежје на Средоземното Море.

Кон средината на првиот век пред н.е. Римјаните ја освоиле и **Галија** (териториите на денешна Франција и Белгија). Походот против галските племиња бил дело на **Гај Јулиј Кајсар**, еден од најславните антички војсководци.



Римски воен заповедник

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Што е разликата меѓу **кралство** и **република**?
- Кои се разликите меѓу **легијата** и **фалангата**?
- Кои **држави** денес се наоѓаат на местото на **римските освојувања**?



Ханибал



Водачот на Галите му се предава на Кајсар

ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

• **Конзул** е највисок службеник во римската република.

• **Пуни** е римски назив за Картагинците. Затоа и војните против нив се нарекуваат Пунски војни.

Во почетокот на вториот век од н.е., римските освојувања завршиле со освојувањето на **Дакија** (денешна Романија). Римската држава ги зафатила во еден широк појас сите земји околу Средоземното Море. Рим станал **светска сила**. Римската држава се проширила на три континенти: Европа, Азија и Африка.

Освоените земји надвор од Апенинскиот Полуостров биле претворени во римски **провинции**. Сета власт во провинциите ја имале управниците што ги поставувал Рим.

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

• ... римскиот **Сенат** во почетокот бил составен од 300 старци над 60 години? Сенатот расправал за сите државни прашања: за војната и мирот, за поделбата на земјата, за верските прашања и многу други. **Сенатот** ги изнесувал своите предлози пред **Народното собрание**.

• ... војниците во римските легии биле строго казнувани за непослушност и непокорност, но и богато наградувани и одликувани за храброста? Војсководецот кој победил во војна бил наградуван со **триумф**. Тоа била **свечена поворка** во која војсководецот, следен од војниците, заробениците и огромниот плен се враќал во Рим и свечено влегувал во градот. Таму влегувал во храмот на богот Јупитер и му принесувал жртви.

• ... пролетта 218 г. пред н.е. **Ханибал** со голема војска успеал да мине преку Алпите и продрел во северна Италија? Минувањето преку Алпите било тешко. Ханибал загубил многу војници, но и покрај тоа ја победил римската војска и стигнал пред градот Рим. Римјаните ги обзел голем страв. Тогаш настанала поговорката „**Ханибал е пред портите**“ (на латински: Hannibal ante portas!)



Ханибал ги минува Алпите



Картагина

# ВНАТРЕШНИ БОРБИ ВО РИМСКАТА ДРЖАВА

## Положбата на селаните и на робовите

**Селаните** биле најбројно слободно население во римската држава. Тие учествувале во војните што ги водел Рим. Служеле во пешадијата. Поради долгите војни, нивите и полињата на селаните често останувале необработени. Нивните производи се продавале евтино на пазарот. За да преживеат, селаните се задолжувале кај побогатите. Кога не можеле да го вратат долгот, биле принудени да ја отстапат својата земја и заминувале да бараат работа во градовите.

**Робовите** се наоѓале во најтешка положба во државата. По успешните освојувачки војни, нивниот број многу се зголемил. Најмногу робови имале богатите Римјани. Робовите биле слабо хранети и облекувани. Ги работеле најтешките работи.

Посебен вид робови биле државните робови, наречени **гладијатори**. Тие биле млади и силни робови, кои во посебни школи учеле да се борат. Потоа за забава на Римјаните се бореле до смрт меѓу себе или со диви животни.

## Востанието на Спартак

Незадоволни од својата тешка положба, робовите во римската држава често се кревале на **востанија**. Римската власт ги задушувала овие востанија и сурово ги казнувала робовите-востаници.

Најпознато и најголемо било востанието под водство на **Спартак,** во првиот век пред н.е.

Спартак бил гладијатор. Со уште седумдесетина робови-гладијатори, тој успеал да избега и да се засолни на планината **Везув**. На востаниците почнале да им се приклучуваат голем број робови и селани. Под водството на Спартак, востаниците успеале неколку пати да ја победат римската војска.

Востанието се раширило и во северниот и јужниот дел на Апенинскиот Полуостров. Но, востаниците не биле сложни и единствени. Еден дел од нив се одвоиле од Спартак. Римјаните успеале лесно да ги победат разединетите востаници.




Гладијатори се борат со диви животни и меѓу себе

### ДА ПОВТОРИМЕ...

- Каква била положбата на **селаните** и на **робовите** во римската држава?
- Зошто не успеало **востанието** на Спартак?
- Кои се причините за појавата на **колонатот**?

### ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... Спартак по потекло бил од **Тракија**? За него современиците пишуваат дека бил „многу голем по снагата на своето тело и по својот дух“. Во борбата, Спартак покажувал **извонредна храброст**. Кога пред битката му го довеле коњот, тој го убил и кажал дека, ако победат – ќе имаат многу коњи, а ако изгубат – коњот нема да му треба.

Во решавачката битка, што се одиграла во Јужна Италија, **востаниците биле поразени**. Спартак загинал во битката, заедно со голем број востаници. Околу 6000 заробени востаници биле казнети со смрт.

## Слабеење на државата и појава на колонатот

Во првите векови од нашата ера, **освојувачките војни** што им носеле на Римјаните големи богатства станале сè **поретки**. Наместо да освојува, римската држава морала да се брани од надворешни напади. Многу бил намален бројот на робовите. Војската станала недисциплинирана. На освоените територии, во разни делови на државата, се кревале бунтови. Римската држава започнала брзо да **слабее**.

**Робовите** не биле заинтересирани за работа, затоа што немале полза од својата работа. Тие слабо работеле, ги кршеле алатите и не го зголемувале производството. Сиромашните **селани** имале малку земја, од која не можеле да се прехранат. За да го зголемат производството и добивката од земјата, големите земјопоседници почнале да ја делат земјата на помали делови, кои ги давале под наем на сиромашните селани. Тие и понатаму останувале сопственици на земјата: селаните им давале на сопствениците дел од своите производи како наем. Човекот што земал земја под наем се викал **колон**, а таквата појава се нарекува **колонат**.





Римскиот Колосеум



Римски имот на село

# РИМСКАТА КУЛТУРА

Во време на создавањето, ширењето и постоењето на римската држава, Римјаните создале и развиле своја култура. Таа настанала под влијание на **етрурската** и на **хеленската култура**. Римската култура има свои посебни белези, по коишто се разликува од културата на другите народи.

## Религија

Римјаните верувале во **многу богови**. Нивната религија била слична на религијата на Хелените. И Римјаните ги замислувале боговите со човечки лик и им граделе храмови, во кои се молеле и носеле подароци.

Врховно божество на Римјаните бил богот **Јупитер**. Освен него, ги почитувале и неговата жена **Јунона** – божицата на бракот, **Марс** – богот на војната, **Венера** – божицата на љубовта, **Дијана** – божицата на ловот и многу други.

Римјаните имале и **семејни божества**, што ги почитувале како духови на своите предци. Тие биле заштитници на семејството. Нивните статуи ги чувале дома.

## Книжевност и говорништво

Римската книжевност се развила под влијание на хеленската. Особено рано се развиле драмата и поезијата.

Првиот век пред н.е. е познат како **златен век** на римската книжевност. Најпознат римски поет бил **Вергилиј**. Вергилиј го напишал епот **„Ајнеида“**, по примерот на „Илијадата“ на Хомер. Како писател на комедии, посебно се истакнал **Плаут**.

Римјаните посветувале големо внимание на говорништвото. Таа вештина им била потребна при расправите во Сенатот, во Народното собрание и во судовите. Најпознат римски говорник бил **Кикерон**.



Вергилиј и Кикерон

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Кои биле поважните **богови** кај Римјаните?

ДА РАЗМИСЛИМЕ...

- Споредете ги хеленската и римската култура. Што е **заедничко**, а по што се **разликуваат**?
- Обидете се да ја протолкувате мислата: **„Рим ја покори Хелада, но Хелада го освои Рим“**. Како, со што?

ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

- Најдете опис на **римскиот Форум** во книга, енциклопедија или на интернет. Како изгледал римскиот Форум? Кои градби се наоѓале таму?

## Градежништво, вајарство и сликарство

Римјаните биле познати како одлични **градители**. Најмногу граделе **патишта**. Тие им биле потребни заради воените походи и заради развој на трговијата во државата. Граделе и водоводи, бањи, театри, храмови, дворци и плоштади. Најпознати по својата убавина се римскиот **Форум** (плоштад), **Колосеумот**, каде што се приредувале игри и гладијаторски борби, како и храмот на сите богови, наречен **Пантеон**.

Во Рим и во другите градови имало **јавни бањи**, наречени **терми**. Термите имале базени со топла и со студена вода, сали за гимнастика и за состаноци. Салите и ходниците биле украсени со скулптури, бисти, мозаици и слики.

**Вајарството** во римската држава се развило под силно хеленско влијание. Се изработувале статуи на богови, на видни граѓани, на владетели и на војсководци.







Римско градежништво



Макета на римска зграда



Зачувана улица во градот Херкуланум

Римското **сликарство** се гледа од убавите слики и мозаици, со коишто биле украсувани ѕидовите и подовите на куќите, бањите и другите градби. Со откопувањето на градовите **Помпеја** и **Херкуланум**, кои биле затрупани од вулканска лава, се пронајдени многу вредни мозаици, статуи и други уметнички дела.

## Наука

Науката во римската држава се развила под влијание на хеленската. Римјаните ги прифатиле и понатаму ги развиле **историјата**, **филозофијата**, **географијата** и **медицината**. Познати биле историчарите **Тит Ливиј** и **Такит**. Особено било развиено **римското право**. Римското право станало основа за целиот подоцнежен развој на европското право и законодавство.



Градот Рим во вториот век од н.е.



Форумот на царот Трајан

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... **Плаут** напишал многу комедии, но само неколку се зачувани? Многу популарна била неговата комедија „**Војникот фалбаџија**". Комедиите на Плаут, главно, се случуваат во градовите на Хелада, но во нив нашла одраз римската стварност.
- ... еден од најголемите римски поети и филозофи бил **Лукретиј Кар**? Во неговиот филозофски еп „За природата" тој запишал: „Од ништо не може да се создаде нешто, и никаков бог не може да го смени тоа. Природата од едно создава друго; ништо не се раѓа пред нешто друго да умре."
- ... во римско време пишувал и прочуениот животописец **Плутарх**? Тој ја напишал книгата „Напоредни животописи". Во неа тој ги опишал животите и делата на 46 **славни личности** – 23 Римјани и 23 Хелени.
- ... **Колосеумот** бил најголемиот римски амфитеатар? Во основата бил долг 185 метри, широк 156, а висината му изнесувала 48,5 метри. Тој можел да прими **50.000 гледачи**.

ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ...

- **Амфитеатар** е театарска зграда која немала облик на полукруг, туку на целосен круг. Во амфитеатрите се изведувале големи претстави, сцени на битка и гладијаторски борби.




Римската држава во времето на Републиката

# ПОЈАВА НА ХРИСТИЈАНСТВОТО

## Верување во еден бог Исус Христос

**Христијанството** се појавило во **Палестина** во **првиот век од н.е.,** кога таа се наоѓала под римска власт. Името го добило по **Исус Христос**. Оние што верувале во учењата и проповедите на Исус Христос биле наречени **христијани**. Христијаните верувале дека Исус Христос бил син на Богот-создател на светот, којшто се наоѓа на небото. Тој го испратил својот син на земјата за да ги спаси луѓето од тешката положба и да ги избави од гревовите. Исус Христос имал свои ученици, со коишто го ширел и го проповедал Христијанството.



Исус Христос

## Христијанското учење

**Христијанството** учело дека постои само еден бог и дека сите луѓе се еднакви пред Бога. Дека сите се меѓу себе браќа и сестри, без разлика на кој народ му припаѓале и дали биле богати или сиромашни. Според верувањето на христијаните, луѓето што живеат чесно и праведно на земјата, по смртта **ќе живеат вечно на небото**, а оние што грешеле, ќе одат во **пеколот**. Христијаните не ја прифаќале римската религија, па затоа во прво време биле прогонувани од римската власт. Исус Христос бил фатен од Римјаните и осуден на смрт со распнување на крст. Според христијанското



Исус со апостолите

### ДА ПОВТОРИМЕ...

• Кој бил прв проповедник и **основач** на христијанството? Каде се среќава неговиот **лик** денес?

• Во што верувале христијаните? Какво било **нивното учење**?

• Каква била улогата на **апостолите**?
Каков бил **односот на римската држава** кон христијанството?

### ДА РАЗМИСЛИМЕ...

• Зошто **крстот** е земен за христијански симбол?

• Зошто римската држава најпосле го **признала** христијанството како рамноправна религија?

### ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

• Обидете се да дознаете како се викала **мајката** на Исус Христос. Кој му бил татко? **Каде** се родил?

### ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

... римскиот **наместник** во Битинија барал упатства од царот Трајан како да постапува со христијаните: „...Оние што ми ги пријавуваа како христијани, ги испитував по втор и трет пат и ги застрашував со **смртна казна**. Оние што ќе издржеа во верата, заповедав да ги убијат. Треба да се **казни** упорноста и тврдоглавоста, што и да е она што го исповедаат“.

учење, тој по смртта оживеал – **воскреснал** и отишол на небото. Раѓањето на Исус Христос христијаните го слават како **Божик**, а неговото воскреснување како **Велигден**.

## Светото писмо и апостолите

Основа и најважен извор за христијанството е **Светото писмо – Библијата**. Во делот од Библијата што се вика **Нов завет** се опишани животот на Исус Христос и неговото учење.

Во ширењето на христијанството на Исус Христос му помагале неговите ученици и следбеници, наречени **апостоли**. Тој имал 12 апостоли. Тие и по смртта на Исус Христос го проповедале христијанството на целата територија на римската држава. Најпознати апостоли биле: **Петар**, **Павле**, **Марко**, **Матеј**, **Лука, Јован** и други.

Од раѓањето на Исус Христос започнува **христијанската ера**, или **новата ера**. Според неа и ние денес го сметаме времето.




Патувањата на Апостол Павле

## Односот на римската држава кон христијанството

Христијанството брзо се ширело во римската држава. Најмногу го прифаќале робовите, селаните и колоните. Римската власт ги прогонувала христијаните. Тие биле принудени скришно да го проповедаат своето учење. Основале свои заедници – **општини**. Со обединување на овие општини во третиот век од н.е. била создадена христијанска **црква**.

И покрај жестоките прогони на христијаните, христијанството се раширило на целата територија на римската држава. Поради тоа, римскиот цар **Константин** во **313 година од н.е.** ја прогласил христијанската религија за рамноправна со другите религии во државата. Оттогаш христијаните не биле прогонувани и слободно го проповедале своето учење.



Константин Велики



Христијански катакомби во Рим



Апостол Павле





# ВЛИЈАНИЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА НА БАЛКАНОТ

# ШИРЕЊЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА НА БАЛКАНОТ И ВО МАКЕДОНИЈА

Римската држава започнала да ги освојува **балканските земји** кон крајот на третиот век пред н.е. Тие биле привлечни за Римјаните поради нивните природни и рудни богатства. Балканот бил **мост** за подоцнежните римски освојување кон исток.

Најпрво биле освоени земјите од средниот и јужниот дел на Балканскиот Полуостров. За да ги освојат овие земји, Римјаните морале да водат многубројни војни. Особено биле тешки и долги војните против Илирите и Македонците.

## Римските војни против Илирите и Македонците

Римјаните војувале против Илирите и Македонците повеќе од половина век. Први на удар се нашле илирските земји што биле најблиску до Италија. Рим морал да води **три војни** за да ја покори Илирија. Илирите пружале силен отпор. Во времето на кралот Гентиј се водела **третата Римско-илирска војна**. Пролетта **168 година пред н.е.** Илирите биле поразени. Кралот Гентиј бил заробен и бил одведен во Рим заедно со целото семејство. Илирските територии биле приклучени кон римската држава. Таа им наметнала на Илирите големи даноци.

Во времето кога започнале римските освојувања на Балканот, Македонското кралство било мошне силно. Македонија имала централна положба на Балканот, па затоа била важна за Римјаните и за нивните идни освојувања. Македонија била богата со руда, со плодни котлини погодни за земјоделство, како и со планини погодни за сточарство. Во неа бил развиен градскиот живот. Од населението можело да се собираат војници за помошните единици и да се добијат робови. Затоа Македонија била многу привлечна за Римјаните.



Кралот Персеј им се предава на Римјаните



Триумфот на Ајмилиј Паул

Повеќе од педесет години Македонците му давале силен отпор на Римјаните. Рим морал да води **три војни** за да ја покори Македонија. Македонскиот крал **Персеј** склучил сојуз со илирскиот крал Гентиј за заедничка борба против Римјаните. Но, во **168 година пред н.е.**, Македонците биле поразени во битката кај **Пидна**, а Македонија ја загубила својата независност. Кралот Персеј со семејството бил одведен во заробеништво во Рим. Тоа било **крај на античката македонска држава**.

Освен Илирите и Македонците, Римјаните успеале да ги покорат и другите балкански народи – Хелените, а подоцна и Тракијците.

## Воспоставување римска управа. Римски провинции

Откако го покорил Балканот, Рим им наметнал големи **даноци** на освоените територии. Градовите и селата биле ограбени, а голем дел од населението било одведено во заробеништво. Римјаните почнале да го искористуваат рудното богатство на балканските земји.

Римјаните ги претвориле освоените територии во посебни области, наречени **провинции**. Прва и најстара римска провинција на Балканот била **провинцијата Македонија**, основана во 148 година пред н.е. Подоцна биле основани и други римски провинции на Балканот.

Во провинциите била воспоставена **римска управа**, со голем број римски службеници. На чело стоел римски управник, кој ја имал сета воена и цивилна власт во провинцијата.

Римјаните го искористувале населението за градење патишта, мостови и тврдини. Некои градови во провинциите можеле да коваат свои пари, кои се користеле заедно со римските пари.

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Зошто Македонија била важна за Римјаните?
- Кога римската држава ги покорила **Илирите**, а кога Македонците?
- **Што се случило** со освоените територии?

# ОТПОРОТ ПРОТИВ РИМСКАТА ИМПЕРИЈА ОД СТРАНА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ

Покорените балкански народи се бунтувале, пружале отпор и кревале востанија за да се ослободат од римската власт. За да ги држат во покорност, Римјаните предизвикувале нетрпеливост и кавги меѓу нив. Оттогаш останала поговорката „**Раздели па владеј**“.

**Македонците** први кренале востание против Рим. Тие кренале **востание** под водството на **Андриск**, кој бил наречен **„лажниот Филип“**. За полесно да ги придобие луѓето, Андриск велел дека тој е Филип, синот на последниот македонски крал Персеј. Востанието добило широки размери. Андриск се прогласил за крал и извојувал неколку победи над Римјаните. Но, во **148 година пред н.е.** востаничката војска била поразена, Андриск бил заробен, а востанието **задушено**.

Истата година Македонија била претворена во **римска провинција**. Со Македонија сега управувал римски намесник, во земјата била распоредена постојана римска војска и била воведена римска администрација. Македонија била претворена во главна воена база на Римјаните за нивните натамошни освојувања.

Една година подоцна, и **Хелените** кренале востание против римската власт. Главен центар на востанието бил градот **Коринт** на Пелопонес. Римјаните успеале да ја победат востаничката војска и да го освојат градот Коринт. Градот бил ограбен, запален и разурнат. Востанието било задушено, а на Хелада ѝ биле наметнати големи даноци.

Најголемото востание на **Илирите** против Рим го предводел **Батон,** во почетокот на **првиот век од н.е.** Во востанието учествувале многу илирски племиња. Во почетокот востаниците забележале неколку победи. Но, во третата година од востанието, Римјаните излегле со голема војска и успеале да ги победат Илирите во неколку битки. Батон морал да се предаде, а востанието било задушено.




Дел од источните римски провинции

# ПОЈАВА И ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО НА БАЛКАНОТ И ВО МАКЕДОНИЈА

Христијанството на Балканот најпрвин започнало да се шири во Македонија, а потоа и во Хелада и во Илирик.

Христијанството во **Македонија** прв започнал да го проповеда апостолот **Павле**, еден од првите ученици на Исус Христос. Кон средината на првиот век од н.е. Павле неколку пати **престојувал во Македонија**. Најпрвин проповедал во градот **Филипи**, а потоа во **Солун** (Тесалоника). Откако стекнал доста приврзаници, апостолот Павле основал **христијански општини**. Тоа биле првите христијански заедници во Македонија, но и во Европа. Павле испратил **три писма – посланија** до христијанските општини во Македонија: едно до Филипјаните, а две до Солуњаните.

Христијаните во Македонија граделе свои храмови – **цркви**, каде што ја проповедале својата вера. Такви цркви биле изградени во **Баргала** кај Штип, во **Хераклеја** (Битола), во **Стоби** кај Велес, во **Лихнидос** (Охрид) и на други места.

Од Македонија, апостолот Павле заминал за **Хелада**, каде што продолжил да го шири христијанството. Најпрвин престојувал во **Атина**, па заминал за **Коринт**, каде што основал и христијанска општина.

Од средината на I век од н.е., христијанството започнало да се шири и во **Илирик**, и тоа најпрвин во крајбрежјето. Во ова време градот **Дирахион** веќе бил седиште на **епископ**. Од крајбрежните илирски градови се вршела христијанизација во внатрешноста на Земјата. Била основана **црковна организација**. Секој поголем град имал свој епископ. Се граделе христијански цркви и крстилници со раскошни мозаици. Христијански цркви биле изградени во многу илирски градови, како: **Билис**, **Саранда**, **Аполонија** и **Дирахион**. Со примањето на христијанството, Илирите се вброиле во редот на културните и напредни народи во римското царство.

**Кон крајот на четвртиот век,** христијанството станало главна религија во Царството. Христијанството ќе се прошири и во другите земји во светот и ќе изврши големо влијание врз развојот на светската култура.



Мозаици од Македонија

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

... Во Охридскиот крај, христијанството го ширел познатиот проповедник **св. Еразмо**, а во Струмичко **Петнаесетте Тивериополски** (Струмички) проповедници, познати како Свети Петнаесет.

# КУЛТУРАТА ВО ВРЕМЕ НА РИМСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ



Остатоци од римскиот бедем во Дирахиј



Доцноримска монета



Остатоци од римска бања

## Романизација на балканските земји и Македонија

Во освоените балкански земји се ширел римскиот начин на живеење, латинскиот јазик, римската религија и култура. Се отворале училишта на **латински јазик**. Во употреба биле римските пари – **денари**. Постојано се зголемувал бројот на римските службеници, трговци, занаетчии и колонисти.

Римската држава ги населувала на Балканот посиромашните римски граѓани. Најголем дел од нив биле поранешни војници. За служење во војската, тие од државата добивале земја. Таквите населби се викале **колонии**. Колонии имало во сите римски провинции на Балканот. Такви колонии биле: Скупи (Скопје), Јадер (Задар, Хрватска), Емона (Љубљана, Словенија) и други.

Освен службениците и војниците, во колониите се населувале и трговци и занаетчии. Тие придонесувале за ширење на **римската култура**, **латинскиот јазик** и **римскиот начин на живеење**. Балканските народи постепено го прифаќале латинскиот јазик, а особено римската култура. Во старите балкански градови Римјаните подигале **нови градби во римски стил**: палати, театри, храмови, водоводи и бањи. На тој начин започнала постепена **романизација** на балканските народи.

## Патишта и мостови

Римјаните биле познати по изградбата на **патишта** и **мостови**. Граделе добро трасирани патишта, поплочени со камен. Тие биле широки од 1,5 метри во планинските предели, до 6 или 7 метри во рамнините. Најпознат римски пат на Балканот и во Македонија бил патот **Виа Егнатиа**. Тој го пресекувал Балканот во правец **запад-исток** и бил најкуса врска на балканските земји со Италија. Покрај северното крајбрежје на Охридското Езеро се откриени остатоци од овој римски пат.

Големо значење имал и патот во правец **север-југ**, кој одел по долините на реките **Морава** и **Вардар**. Овој пат ги поврзувал северните балкански територии со Егејското Море.

## Остатоци од римски градови и други градби

Македонија е многу богата со остатоци од римската култура, особено со остатоци од римски градови.

Еден од нив е **градот Стоби.** Тој се наоѓа во близината на Велес, на местото каде Црна Река се влева во Вардар. Стоби имал значајна положба не само за воените походи на Римјаните, туку и за трговијата. Во Стоби денес можат да се видат остатоци од **театар**, **цркви**, луксузни приватни куќи – **палати**, **улици**, **бањи и плоштади**. Во овој град имало и **ковница за пари**.

Зачувани се остатоци и од други римски градови. Тоа се градот **Хераклеја** (Битола) и градот **Скупи** (во близината на Скопје). Остатоци од римски градби има и во **Лихнидос** (Охрид), **Банско** (кај Струмица) и други.

Римјаните посветувале многу внимание за да доведат чиста вода во градовите и во другите населби. Во зачуваните римски населби се откриени остатоци од големи **водоводи**.


Баргала


Скупи


Стоби



Римски водоводи во други провинции

# ПРОПАЃАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА

ДА ПОВТОРИМЕ...

- Кој и зошто го **поделил** Римското Царство? Наведи на кои **делови** било поделено?
- **Што се случило** со западниот, а што со источниот дел на Римското Царство?

ДА ИСТРАЖУВАМЕ ЗАЕДНО...

- Зошто Римјаните нарекувале некои народи „**барбари**“? Што значел овој збор?
- Какво значење денес имаат зборовите „**вандал**“ и „**вандализам**“?



Римски војник од времето на доцното царство

## Внатрешни и надворешни причини

Со текот на времето, римската држава сѐ повеќе слабеела. Незадоволните селани и робовите постојано се бунтувале. Војниците не примале редовно плата и не биле заинтересирани за војување. Стопанството ослабнало, а производството многу се намалило.

Во четвртиот и петтиот век, римската држава започнале да ја напаѓаат племињата **Хуни** и **Германи**.

Хуните продреле од Азија во Европа во втората половина на четвртиот век. Под водството на **Атила**, во петтиот век создале силна држава со центар во **Панонија**. Оттаму ги напаѓале териториите на римската држава. Нивните напади имале ограбувачки карактер.

Најжестоки биле нападите на германските племиња **Вандали** и **Визиготи**. Визиготите го освоиле и го ограбиле градот Рим во 410 година, а истото го направиле и Вандалите во 455 година.

## Поделба на државата

Римската држава немала сила да се одбрани од нападите на барбарските народи.

Во **395** година, римската држава била поделена



Римско утврдување во Германија

на два дела: **Западно Римско Царство**, со седиште во **Рим** и **Источно Римско Царство**, со престолнина во **Константинопол** (Цариград, денешен Истанбул).

Двата дела на римската држава никогаш повеќе не се обединиле. Подоцна Источното Римско Царство го добило името **Византија**. Тоа ќе постои уште илјада години, до средината на петнаесеттиот век. Македонија останала во составот на Источното Римско Царство.



Теодосиј I

## Пропаѓање на Западното Римско Царство

Западното Римско Царство било изложено на чести напади на барбарските народи. Буните и востанијата на потчинетите народи биле бројни. Затоа царството брзо пропаднало. Во **476** година, еден од водачите на германските племиња го симнал од престолот последниот римски владетел, царот **Ромул Августул**. Оваа година се смета за крај на Западното Римско Царство. Таа се смета како крај на историјата на стариот век во Европа и почеток на средниот век.

Германски воини





Атила, предводникот на Хуните

ЗНАЕТЕ ЛИ ДЕКА...

- ... **поделбата** на Римското Царство ја направил царот **Теодосиј I**? На постариот син Аркадиј му ги оставил источните провинции, а на помладиот Хонориј западните. Границата меѓу двата дела минувала по средината на Балканскиот Полуостров.

- ... римскиот историчар **Амијан Марцелин** вака ги опишал **Хуните**: „Хуните во храната не знаат ни за печено, ни за зачини. Никогаш не се служат со плуг; не живеат ниту во куќи, ниту во колиби. Вечно талкаат по шумите и планините, постојано го менуваат живеалиштето, или подобро да се каже, немаат живеалиште. Од детството се свикнати на секакви непогоди: студ, глад и жед. Во тоа селење, нивните стада одат по нив и ги влечат колите во кои се нивните семејства.“

- ... со продорот на Хуните во Европа, започнала таканаречената **голема преселба на народите**? Во неа учествувале многу народи и племиња, кои основале неколку нови држави на територијата на Западното Римско Царство.

# ХРОНОЛОШКА ТАБЛИЦА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ

• Околу 3200 години пред н.е. се појавило писмото во Месопотамија и во Египет

• Во 3200 г. пред н.е. Горен и Долен Египет се обединиле во една држава

• Околу 2000 г. пред н.е. било создадено Бабилонското Кралство во Месопотамија

• Околу 1200 г. пред н.е. во Хелада се доселиле Дорците

• Во IX век пред н.е. бил основан градот Спарта

• Во 776 г. пред н.е. биле одржани првите олимписки игри, а биле укинати во 393 г. од н.е.

• Во 753 г. пред н.е., според преданието, бил основан градот Рим

• Кои крајот на VII век пред н.е. кралот Пердика I ја основал македонската држава

• Во 509 г. пред н.е. завршил периодот на кралството и започнал периодот на републиката во римската историја

• Во V век пред н.е., во времето на Перикле, атинската држава и демократија достигнале најголем напредок

• Кон крајот на V век пред н.е. било создадено илирско кралство на чело со кралот Грабос

• Од 359 до 336 г. пред н.е. во Македонија владеел кралот Филип II

• Од 336 до 323 г. пред н.е. на чело на македонската држава се наоѓал кралот Александар Ш Македонски

• Во 168 г. пред н.е. Илирите и Македонците паѓаат под римска власт

• Во 148 г. пред н.е. Македонија била претворена во римска провинција

• Кон средината на I век од н.е., апостол Павле престојувал во Македонија и во Хелада и го ширел христијанството

• Во 313 г. од н.е. царот Константин I го прогласил христијанството за рамноправна религија со другите религии во римската држава

• Во 395 г. римската држава била поделена на два дела: Западно Царство и Источно Царство

• Во 476 г. пропаднало Западното Римско Царство. Во Европа завршила историјата на стариот век и започнал периодот на средниот век.

# СОДРЖИНА


## ИСТОРИЈАТА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ

Предмет и задача на историјата (6). Историски извори (6). Сметање на времето (7). Поделба на историјата (8).

## ПРАИСТОРИЈА

НАСТАНОК НА ЧОВЕКОТ (12). Начин на живеење (13).

ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ ВО КАМЕНО И МЕТАЛНО ВРЕМЕ (14). КАМЕНО ВРЕМЕ (14). Човекови заедници (14). МЕТАЛНО ВРЕМЕ (15). Земјоделство, занаетчиство и размена (16). Појава на државата (16).

ВЕРУВАЊАТА НА ЧОВЕКОТ ВО НАЈСТАРИТЕ ЗАЕДНИЦИ (18). Верување и толкување на природните појави (18). Тотеми и многубоштво (18). Материјални остатоци (19).

БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО ПРАИСТОРИЈАТА (20)
Природни услови и најстари траги од животот (20)
Материјални остатоци (20)

## РЕЧНИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК

НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ (24). Природни услови и население (24). Првите држави (25).

СТАРАТА ЕГИПЕТСКА ДРЖАВА (27). Природни услови и население (27). Системи за наводнување и одводнување (27). Занаетчиство и трговија (28). Основни карактеристики на општеството и на државата (30).

КУЛТУРАТА И ВЕРУВАЊАТА НА НАРОДИТЕ НА СТАРИОТ ИСТОК (32). Појава и развој на писмото (32). Книжевност (32). Градежништво (33). Уметност (33). Почетоци на науките (33). Верувања и религија (33).

## БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК

ХЕЛАДА (38). Природни услови и население (38). Хомерово време (39). Колонизација (39). Создавање градови-држави (40).

СПАРТА (41). Основање и население (41). Државно уредување (41). Воспитанието на младите (41).

АТИНА (43). Основање и население (43). Државно уредување (43). Атинската демократија (43). Односите меѓу градовите-држави (44).

КУЛТУРАТА НА ХЕЛЕНИТЕ (46). Книжевност и театар (46). Филозофија и наука (46). Уметност (47). Митологија и религија (47). Олимписки игри (48).

ИЛИРИ (50). ИЛИРСКИ КРАЛСТВА (51). Кралството на Таулантите (52). Кралството на Ардиеите (52). КУЛТУРАТА НА ИЛИРИТЕ (53). Култови и религија (53). Начин на живеење (53). Остатоци од материјалната култура (54).

## МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК

МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ДО ФИЛИП II (58). Територија и население (58). Основање на државата (58). Јакнење и проширување на државата (59).

МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА ФИЛИП II (61). Реформи во државата (61). Јакнење и проширување на државата (62).

МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ (63)
Средување на состојбата на Балканот (63). Походот на Исток (63).

АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ (66). Образование и воспитание (63). Односот на Александар кон другите народи и култури (63).

КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ (68). Култови и религија (68). Начин на живеење (68). Остатоци од материјалната култура (69).

ХЕЛЕНИСТИЧКИ ПЕРИОД (70). Распаѓање на државата на Александар III Македонски (70). Хеленистичка култура (71).

## СТАРИОТ РИМ

ОСНОВАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА (74). Територија и население (74). Основањето на Рим (74). Општествено и државно уредување (75).

ЈАКНЕЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА (76). Покорување на Апенинскиот Полуостров (76). Римската војска (76). Освојувања во Африка, Европа и Азија (76).

ВНАТРЕШНИ БОРБИ ВО РИМСКАТА ДРЖАВА (79). Положбата на селаните и на робовите (79). Востанието на Спартак (79). Слабеење на државата и појава на колонатот (80).

РИМСКАТА КУЛТУРА (81).Религија (81). Книжевност и говорништво (81). Градежништво, вајарство и сликарство (82). Наука (83).

ПОЈАВА НА ХРИСТИЈАНСТВОТО (85). Верување во еден бог Исус Христос (85). Христијанското учење (85). Светото писмо и апостолите (86). Односот на римската држава кон христијанството (87).

## ВЛИЈАНИЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА НА БАЛКАНОТ

ШИРЕЊЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА НА БАЛКАНОТ И ВО МАКЕДОНИЈА (90). Римските војни против Илирите и Македонците (90).Воспоставување римска управа (91). Римски провинции (91).

ОТПОРОТ ПРОТИВ РИМСКАТА ИМПЕРИЈА ОД СТРАНА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ (92).

ПОЈАВА И ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО НА БАЛКАНОТ И ВО МАКЕДОНИЈА (93).

КУЛТУРАТА ВО ВРЕМЕ НА РИМСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ (94). Романизација на балканските земји и Македонија (94). Патишта и мостови (94). Остатоци од римски градови и други градби (95).

ПРОПАЃАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА (96). Внатрешни и надворешни причини (96). Поделба на државата (96). Пропаѓање на Западното Римско царство (97).





Коста Аџиевски
Даринка Петреска
Ванчо Ѓорѓиев
Виолета Ачкоска
Војислав Саракински

# ИСТОРИЈА

за VI одделение
од деветгодишното основно образование